**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто и деветата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јули 2002 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

На седницата претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почнуваме со работа.

Бидејќи немаме доволен број пратеници за кворум за да работиме по 110-та седница на Собранието, а треба да гласаме за амандмани и за законите, ќе продолжиме со работа по 109-та седница на Собранието на РМ.

Минуваме на точката 24- Предлог за донесување на закон за финансиска полиција, по Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот по предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за финансиска полиција.

Бидејќи немаме кворум за гласање, гласањето ќе го извршиме тогаш кога ќе се создадат услови.

Минуваме на точката 25 - Предлог за донесување на закон за правата на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии г-динот Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Предлог законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства кој денес е на дневен ред, претставува закон кој долго го очекуваа токму оние лица на кои со овој закон им се даваат определени права кои во изминатите неколку децении на различен начин и по различни методи им беа одземени. Токму со овој Предлог на закон се утврдуваат посебните права на лицата прогонувани и затворани за идеаите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства и се уредува начинот на стекнувањето и сотварувањето на тие права.

Основаноста за донесување на овој закон произлегува и од Уставот на РМ , поточно од членот 36 на Уставот,со кој се гарантираат посебните социјални права на борците на Антифашистичката војна и од сите националноослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди на поробуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можност за материјална и социјална егзистенција.

Со донесувањето на овој закон прогонуваните и затворани лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членовите на нивните семејства се изедначуваат во остварувањето на загарантираните уставни права со останатите учесните во НОВ и воените инвалиди, членовите на нивните семејства и семејствата на паднатите борци, кои права ги остваруваат врз основа на посебни закони кои се донесени, а тоа е Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ и Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и семејствата на паднатите борци.

Одредбите на овој Закон се прецизни и јасни во поглед на тоа кои лица ќе се сметаат за прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членови на нивните семејства.

Правата на овие лица ги утврдува посебна комисија, која врз основа на одредбите од овој Предлог закон ќе ги утврдува за секое лице пооделно.

Со овој Предлог закон се утврдуваат и посебните права кои

прогонуваните и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членовите на нивните семејства можат да ги остварат и под кои услови.

Во одредбата на член 8 од Предлог законот е утврден обемот, односно висината на остварувањето на правото на материјално осигурување кое ќе го стекне прогонуваното лице, односно членовите на неговото семејство.

Со одредбите од членот 9 на прогонуваните и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност им се утврдува и посебно право на еднократен паричен надомест, чиј износ е определен во висина на една половина од просечната плата исплатена во РМ за секој месец поминат на издржување на казна затвор или интернација.

Во одредбите на членот 10 од Законот е утврдено дека прогонуваните и затворани лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членовите на нивните семејства, другите посебни права утврдени со закон , освен правото на материјално обезбедување и еднократен паричен надомест ќе ги остваруваат на начин, постапка и во обем утврдени во Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ и Законот за правата на воени инвалиди, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци.

Донесувањето на овој закон ќе значи реализација , како на одредбите на Уставот на РМ , така и морален и етички чин кон илјадници жртви од минатото.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на заменикот министер за финансии Петар Дуљанов.

За збор се пријавил г-динот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани членови на Владата, колеги пратеници,

Мислам дека на дневен ред се најде една точка на која треба да се обрне посебно внимание , бидејќи се работи за една голема неправда што е направена во минатото, а таа неправда како таква мислам дека најмногу на својот грб ја носеше албанскиот народ и како таков, мислам дека тука не треба да се прават поделби, туку овој закон треба да биде сеопфатен и како таков да ги предвиди сите тие настани и моменти кои беа прифатени со една голема огорченост. Едноумието во Македонија беше такво, па и во поранешната СФРЈ, кога во една голема идеолошко политичка чистка се најдоа и некои луѓе припадници на различни нации, а посебно говорам за албанската нација тука во Македонија.

Тоа е од големо значење и обрнуваме внимание и на тие семејства кои патеа цело време поради таква политика настроена против човековите и национални права, како и најелементарните права на граѓаните на оваа наша територија.

Од тука, мислам дека е добро законот уште еднаш да се проанализира, а за една таква анализа законот мора да се врати уште во една фаза да се разгледа и да се дополнат одредени одредби кои на некој начин ќе овозможат да се истакне овој дел кој е многу значаен, да ја опфати целата оваа популација за која предлагам тука и да има една рамноправна положба на сите тие семејства кои биле обесправени за целиот овој период во Македонија. До колку законот помине ваков каков што е, уште еднаш ќе наметнеме голема неправда на овие луѓе, па токму од овие причини по оваа точка барам пауза за дополнителни консултации со координаторите на пратеничките групи, за да можеме на тој начин да ги предвидиме сите тие кои биле мета на една лоша, намерно лошо водена политика во минатото.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Демуш Бајрами.

За збор се пријавил г-динот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Само процедурално ќе се искажам.

Почитуван потретседателе, почитувани колеги,

Колегите пратеници од ДПА ќе треба малку да ги потсетам дека веќе на два пати бараат пауза за консултации во врска со овој закон, така што интенциите да се дојде до некое заедничко решение не се премногу силни, затоа што веќе два пати баравте и добивте право за пауза во врска со овој закон и содржаен закон, така што јас не ја гледам целесообразноста на паузата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г.динот пратеник Александар Талевски.

За збор се пријавил заменик координаторот на ДПА, г-динот Билал Љутвиу.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Во принцип, како предлагач на овој закон би требало да биде Министерството за труд и социјална политика. Но нема да бидеме малодушни во однос на ова.

Предлогот на мојот колега беше многу јасен, незнам дали го слушнавте вие г-дине претседавач, бараше пауза, па затоа во името на пратеничката група на ДПА бараме пауза за да се консултираме и конечен став да заземеме во однос на предложениот закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на заменикот координатор.

Должен сум да го замолам уште еднаш да се изјасни , бидејќи вие не кажавте колку време да трае паузата.

**БИЛАЛ ЉУТВИУ:**

Бараме пауза од 30 минути.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пауза од 30 минути по бараше на ДПА. (пауза)

(Паузата траеше од 12,35 до 13,20 часот).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа.

Бидејќи имавте пауза по барање на пратеничката група на ДПА, го молам координаторот господинот Замир Дика, ако мисли да ја образложи паузата.

Образложението ќе го даде господинот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Ние побаравме односно јас побарав пауза од името на пратеничката група на ДПА за одредени консултации во врска со подобрување на текстот на Ѕаконот и околу одредени одредби кои треба да бидат опфатени во овој закон.

Мислам дека уште еднаш нашите консултации одат во насока на тоа што ние како пратеничка група на ДПА во одредено време значи за да не оставиме некаква празнина и истите тие работи да добијат една лоша насока на нивното одвивање, мислиме дека на една таква патека мора да се скрои еден нов текст на законот кој како таков ќе биде предложен од страна на ДПА, па мислам дека на овој начин ќе создадеме услови за да и албанците и во иднина бидат вклучени во едни такви закони кои ќе овозможат сите тие големи неправди направени во минатото сега на некој начин да се рехабилитираат чувствувајќи одговорност за времето кое веќе е минато, но кое како такво им нанесе големо зло и на албанците во Македонија.

Од тука, мислам дека нашиот закон во најкраток можен рок ќе биде поднесен и тука ќе бидат опфатени сите тие категории кои беа оштетени како и нивните семејства, не само прогонуваните, затвораните,туку и нивните семејства кои исто така биле на мета на тие времиња, на тие коњуктури кои беа на власта и како такви мислам дека ќе мора и нив да ги најде правдата како што доликува на секој граѓанин рамноправен на оваа држава, па од тука мислам дека и албанците го заслужуваат тоа пра-во и за нивните права ние сме тука да се залагаме за нив и како прате-ничка група на ДПА, повторувам, тоа ќе го направиме.

Значи, ние ќе предложиме закон за да се излезе на чело на тие барања кои заслужуваат големо внимание.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господмнот Демуш Бајрами.

За збор се пријавил господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Конечно еве шанса на дневен ред да дојде закон кој можеби е во духот на македонското национално единство, закон кој на некој начин треба да биде статисфакција, а колку може да биде статисфакција за луѓето кои завршија во казаматите во Идризово, сепак најдобро тие знаат и нивните фамилии.

Овој закон произлегува од членот 36 од Уставот на Република Македонија, можам да кажам дека членот 36 е член на Александар Флоровски понуден 1991 година, а изгласан од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ тогаш, значи се имаше волја, се имаше желба, во народноста на македонската демократија или македонската пролет да се подаде рака едни на други и во тој дух е донесен овој член од македонскиот Устав со 85 или 8 6 македонски гласови во тој период. Тоа беше добро, пак ќе повторам, за македонското национално единство, но работите, за жал, (потпретседателот Сулејмани ги опоменува тие што имаат вкучено мобилни телефони)

тие кои се музички настроени нека ги прекинат телефоните, ако може, за тоа што е многу битен овој закон, не зборувам заради тоа што сум лично засегнат, сметам дека целата македонска јавност е лично

засегната и треба отворено да се проговори, повторно ќе кажам, во името на македонското национално единство, во името на тие илјадници македонци кои завршија многу бедно затоа што размислуваа само како македонци и ништо друго.

Каде може да се бара генезата во разнебидувањето на македонците? Дали треба да се бара по илинденскиот период, дали треба да се бара во Кралството СХС, дали треба да се бара во периодот по 1945 година, претпоставувам дека сето тоа за еден сублимат е сублимат се во интерес на сето она што значи здраво македонско ткиво, не само да се разнебити, да му се убие размислувањето како македонец. Генезата е многу длабока, дали исто така треба да се бара во интересите на околните држави или во нашата слабост да не можеме да одолееме на разни работи, во секој случај денеска сме сведоци на еден закон кој можеби ако односите беа поинакви во еден минат период воопшто не требаше да го носиме. Но, за жал, македонци вршеа геноцид врз сопствениот македонски народ во еден пооделен период.

Дали генезата треба да се бара во големосрпската политика во тогашното Кралство СХС? Дали корените треба да се бараат во судењето на скопските студенти 1928 година на чело со Гузелов чиј адвокат и бранител во тој период е Анте Павелиќ после тоа доглавник на НДХ, кој со точак од Загреб до Скопје доаѓаше во интерес на одбрана на македонските студенти затоа што размислуваа македонски, затоа што не размислуваа по терот на Белград и големосрпските идеи.

Дали корените господа треба да се бараат во ликвидацијата на 54-те луѓе од велешката група, дали корените исто така мора да се бараат на ова зло во ликвидација на македонците во кумановско исто така поттикнати од големосрпските центри за кои сигурно најдоа плодно тло кај нашите "домашни македонци", во ликот на Колишевски, Цветко Узуновски Абас и тн. и тн., да не кажам во ликот на Комунистичката партија на Македонија која не беше ништо друго, туку само експозитура, за жал, по апсен>ето на Ченто говорам, туку само експозитура на она што значеше големосрпск.а идеја дојдена. од Белград„и чии апологети од ликот на Темпо буквално хараа низ македонските простори. За жал, таа трагедија продолжува во периодот 1946-1947-1948 година исто така на македонски простори на просторите на Егејска Македонија чии жртви станаа илјадници македонци во битките на Вичо и Драмос каде буквално се уништува кремот на македонската нација во егејскиот дел на Македонија. Бомбардирани од тогашните англосаксонски сили да не кажам британски сили кои прв пат ги пробуваат напалам бомбите и за жал тие денеска се најголемите креатори на западноевропската демократија. Каков апсурт господа. Истите тие што не тепаа затоа што македонците од беломорието се неотуѓив дел на македонската нација, без разлика што во еден одреден период не нарекуваа со разно разни погрдни имиња се со единствена цел да не се зближат македонците од беломорието, и од вардарскиот дел.

Зад сето тоа стоеја одредени служби кои, за жал, и денеска имаат плодно тло во Република Македонија, но одат многу посуптилно, одат во разнебитуваше на Македонската православна црква и разно разни митрополити, експоненти, Боже ме прости, на одредени големодржавнички идеи расколници. Ова го говорам како православен верник. Дали сум во право или не, времето ќе покаже.

Дали генезата треба да се бара во ликвидацијата на македонските борци од Егејот во Катланово стотици, Господ знае каде се закопани, за жал, повторно по наредба исто така белградските кадри кои за жал, секоја наредба дојдена одозгора реваносно ја спроведуваа се со една цел господа да се убие духот на македонецот, да се убие духот и размислувањето дека македонецот може да формира сопствена македонска држава и да се приклони кон поголемиот југословенски брат, да не кажам српски брат.

За жал, ќе повторам, сето ова немаше да оди толку лесно доколку Комунистичката партија на Македонија не беше ревносен извршител на тие идеи дојдени од Север. Ме чуди како може македонец да крене рака на сопствениот брат македонец поради тоа што едниот размислува македонски, да не кажам ВМРОвски оти грото од затворените се затворени за идејата на ВМРО, а другиот наводно "размислувал" космополитски да не кажам идеолошки, комунистички, а фактички зад тој плашт се криеше, мора да признаеме и да кажеме, една голема српска идеја и ништо друго.

Космополитизмот една идеологија беше искористена во разнебитување на сопствениот народ. Кои се тие кои апсеа? Мора јасно да се каже Комунистичката партија на Македонија не на Ченто, туку на оние кои дојдоа после

Ченто затоа што и Ченто го најде зла судбина, повторно наместен од македонските апологети слуги, заврши многу бедно благодарение на сопствените браќа по крв после 9 години и 7 месеци робја излезе од затворот и умре. Да не зборувам за судбината на сите тие македонски фамилии кои ги снајде таква зла судбина кодошени, апсени, тепани и ликвидирани од сопствените браќа. Јас не знам дали постои нација во светот која е толку несреќна како македонската. Ова е несреќен закон. Со овој закон никој не може да ја испере лагата и малтретирањата кои ги имаат направено сопствените браќа. Дали ова ќе биде сатисфакција за родниниите, пријателите и децата на тие што завршија по казаматите на Идризово пет, 10 и 15 години. Дали парите што се доделени нешто ќе значат во споредба на она што значи да се чуваш секоја вечер да не ти чукне на врата и да не ти го собере твојот родител, брат и тн. Дали некој навлегол во психолошката состојба на тие луѓе во тој период како тие се чувствувале. Таквата работа ни ја правеа во Егејска Македонија, но не македонци, трагедијата е во тоа што во вардарскиот дел на Македонија тоа го правеа македонци во служба на туѓи идеи. Беа интернирани, затворани, трауматизирани, разнебитени илјадници македонски семејства и ова господа е мала сатисфакција за сето она што го доживуваше секој македонски поединец затваран за идеите на ВМРО и за самостојна македонска и суверена држава. Од 1945 година до 1988 година во Македонија егзистираат 37 организации на ВМРО од ВМРО Правда 1946 година заклучно со незнам кое ВМРО, ВМРО-СДРМ и тн. луѓе чија идеја беше Македонија да се оттргне од рамките на вештачката федерација Југославија и да формира сопствена македонска држава. За жал, на тоа се спротивставија луѓе македонци по род, но забетонирани, зацементирани во сопствените ментални склопови дека Македонија не може да биде самостојна, не може да опстои самостојна, туку може да опстојува само во рамките на тогашна Федеративна СФР Југославија.

За жал, такви југословеномански корени, како што вели господинот Коле Мангов сеуште постојат во македонската држава, но сега во ликот на сосема други личности кои сакаат да потуркаат некоја си повторна федррација за која верувам господа дека никогаш повторно нема да ни се случи и дека Македонија ќе живее долги години како самостојна, независна, суверена во рамките на една обединета Европа.

Се чудам како после 11 години од донесувањето на членот 36 никој не најде за сходно да се донесе овој закон. Се чудам како моите колеги од СДСМ во периодот додека не владеевме само за да предизвикаат бура на негодување кај вас, тоа не ми е намерата господа, намерата ми е како воопшто не ви текна да подадете рака по пат на еден ваков закон кој можеби не е никаква сатисфакција, да подадете рака на сопствените браќа кои идеолошки не припаѓат кај вас. Можеби воопшто не е чудно затоа што вашето драгоцено време го користевте за многу пополезни работи отколку господа да донесете закон со кој неправдата која ја донесоа вашите претходници ќе ја исчистите сопствената совест, но повторно тоа ќе го оставам на вашата совест и на чинот на гласањето, но верувам дека во името на тоа долго очекувано македонско национално единство ќе ги притиснете копчињата и ќе го донесеме овој закон од тричетири страници во 15 члена кои треба да значат нешто за сите оние кои поминаа по 10-15 години во затвори, значи за секој член по една година затвор, колку тоа денови значи, колку саати, колку секунди кои ги броеја лугето внатре во казаматите на Идризово. завршувајќи го својот живот на змискиот остров во Претор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**:

(Продолжение)

Како можеше еден од најголемите великани на макеоднскиот народ Ченто толку бедно да заврши. Кои беа тие монструми кои го донесоа Ченто кој беше како двигател на граѓанското движење во макеоднија во периодот Меѓу двете светски војни. За жал, беше комунистичката партија на Макеоднија, диригирани од единствен центар во Белград. Кои беа тие монструми кои ликвидираа илјадници макеоднци. Мене суште не ми е јасно. Јас и минатиот пат кажав дека нема да ми треба власт на сопствениот брат макеоднец кој за сопствениот народ не размислува како Мене. Како јас ќе живеам со нечиста совест колку што ми е од Господ пишано. Имаат ли тие луѓе совест. Дали воопшто се покајаа пред Бога за злоделата кои ги направија кон сопствениот народ. Како на г-динот Васил Ефтимов, пратеник на ВМРО-ДПМНЕ ќе му ги исплатите Четирите години поминати во Идризово, господо. Кој е жив сведок на комунистичкото дивеење, затоа што размислувал како

Македонец. Како Ќе му ги исплатите Секојдневните тортури, Тепање, малтретирање и стотина пати паднат во несвест од ќотек, освестуван со канта вода. Како Ќе му ги исплатите тие работи што се направени како жив сведок на комунистичкото дивеење. Имаат ли образ за оваа работа. Затворан за идеите на ВМРО, а трагедијата да биде уште поголема сите оние кои размислуваа макеоднски им се калемеше Дека е затворени за Ванчо Михајлов, а Не за идејата на ВМРО. Имаше и такви, кои така размислуваа. Имаше. мора да Се признае. Но грото влегоа за идејата на Македонската држава. Кој ќе му врати Четири години од младоста на г-динот Васил Ефтимов поминати во Идризово. Дали г-дине Ефтимов ова Ви е сатисфакција на вашите илјада и незнам колку Денови поминати по затворите, Секојдневно тепани и малтретирани. Што таму е правено, што Се случувало, којтортурите, претпоставувам дека сеуште ги влечат траумите на она што значеше комунистичко дивеење. На сето она што значеше антмакеоднско дивеење, кршејки им ги коските секојдневно по македонските затвори. Сеуште ги памтат траумите и сеуште живеат со тие трауми. Претпоставувам дека ќе живеат се додека се живи и некој се повикува дека е наследник на КПМ славната. Во 1945 година Комунистичката партија 5% од луѓето кои излегоа во партизанските движења во макеоднските партизански одреди, 95% излегоа заради иеата за самостојна и суверена македонска држава. Мора јасно идеата о да говориме. Сето она што друго ќе се говори дека двигател беше КПМ на македонското национално движење во НОБ, е апсолутна лага. Било кој научник од МАНУ или било каде да дојде ќе излезам и ќе полемизирам , затоа што тоа се факти. Обичниот Македонец излезе за макеоднски национални права но по превртот и со ликвидација на Ченто, имаше една страшна тортура на српските апологети со помош на македонските слуги во спствената македонска држава.

Сега повторно ќе се вратам на Васил Ефтимов како жив сведок, што во моментов кога јас говорам, говорат неговите чувства. Јас се извинувам г-дине Ефтимов ако ова јас што го говорам ви предизвика одредени трауми , но мораме јасно да проговориме во духот на овој закон , во духот на македонското национално единство, а исто така овој закон дефинитивно сакам да го гледам во функција можеби во идните искушенија која ја очекуваат оваа макеоднска држава, да си подадеме рака , бидејки сами не ќе можеме да ги решиме, туку само заеднички и братски како Македонци, без разлика на која идеологија и припаѓаме, во функција можеби и на заборавање, доколку може да се заборави еден период подолг од 60 до 70 години или 40 во рамките на СФРЈ под раководство на КПМ, претпоставувам дека сите тие кои завршија по затворите , нема да се согласат со ова јас што го говорам, од аспект на она што го кажав дека треба да заборавиме на тој 40 годишен период и неправдата која им е направена на Македонците кои во разно разни ВМРО се бореа за самостојна и независна макеоднска држава., во почетокот . под јуриздикција на САД како демократска држава, но подоцна таа идеја падна за отцепување од СФРЈ и формирање на македонска држава, за која одсекогаш мечтаел Македонецот и фала му на Бога ден денешен имаме самостојна македонска држава и така ќе успееме да ја сочуваме, затоа што постојат и чесни и патриотски макеоднски синови.

Дали треба да говорам дека и колективизацијата и национализацијата, беше се со единствена цел разнебитување на Македонците и убивање на македонската идеја , за која иљадници макеоднци завршија во затворите. Мора јавно да се каже дека во Република Македонија, тогашна Социјалистичка Република Македонија, освен Македонците , никој не беше опфатен со национализацијат аи колективизацијата. Повторно го гледам како атак врз македонската држава, односно врз макеоднското национално ткиво, како атак врз македонската национална свест и вокраен атак бришење од мемориајта на Македонците дека можеме сами да опстојуваме без големиот брат од тогашната СФРЈ, или ФНРЈ како што се викаше. За жал, она што значи вештачка творба и во практиката се покажува дека не може да опстои. Ја немаме ли таа сторија денеска. Прашање е според последните информации и она што кружи по медиумите, дали воопшто ќе постои некоај си држава на Србија и на Црна Гора. Значи, размислувањата на луѓето кои беа апсени , интернирани, тепани и убивани за макеоднската идеа, не само што денеска е стварност, туку размислуваа исправно, а не со клонирани и зацементирани идеолошки мозоци, туку имаа еден широк видик дека треба да бидат свои на своето и дека така најлесно се брани макеоднскито идентитет сред наездата на исто така , ако сме веќе славјани, под наездата на браќата славјани, кои имаа само. една единствена

Цел: Да не разнебитат, да не претопат и да не стават во функција на голема Србија. Тоа се факти господо. Некој можеби денеска се срами, јас навистина можам да кажам ако мислат Дека Се наследници на една неславна идеологија, која секаде пропадна во светот, затоа што се прогласуваат за наследници, како што ние се прогласуваме за наследници на ВМРО, основано во Солун 1893 година. Како таков се чувствувам, затоа што по две линии имам вмровски корени. Научно можам да докажам. И со тоа се гордеам. Но прашање е дали вие господа како наследници на КПМ може да се гордеете што затваравте илјадници македонци. Не само што ги затворавте, ги ликвидиравте, се изживувавте. Не е баш многу за фалење. И да говорите демек, еве ни сме наследниците на КПМ., која не беше ништо друго , само експозитура на туѓи интереси во функција на формирање на големид ржави во рамкит ена СФРЈ или ФНРЈ. Тоа фиктивно постоеше како Република Македнија, а потоа , фала му на Бога многу Македонци сфатија дека работите не се баш онака како што некој треба да им ги диктира. Дали македонската пролет, како хрватската пролет 1973 година, се следеа, се апсеа, се шиканираа професори од Скопските факултети, луѓе, кои може би идеолошки припаѓаа на една космополитска идеа, но сепак во душата беа патриоти, беа Македнци. И нив ги следевте, сопствените истомисленици. Да, точно тој е идеолошки кај нас, но постои сепак опасност , ни мириса на македнски националисти. Тоа мора да го срушиме, да го следиме и ако многу мрда ќе го прогласиме бугарофил. Тоа е најдобрата одбрана.. И тоа палеше, за жал во државата многу-Зошто беШе потребно луѓето кои беа судени за ВМРО да ги водите дека се за Ванчо Мијализам. Од едноставна причина , затоа што беше најдобрата одбрана дека Ванчо Михајлов е џелатот на македнскиот народ. Грото апсени немаа слушнато за Ванчо Михајлов. Господинот Васил Ефтимов кој го собраа од дома , ова е историа, како еден жив сведок , кога го собраа и после првото тепање откога падна во несвест го прашуваа каде имаше средба со Ванчо Михајлов, а Ванчо Михајлов веќе во Рим. Никој од ќотек не може да издржи и кажа дека имал средба во Ново Село. Му текна на иследникот , затоа што се бираат такви со зацементирани мозоци, освен тепање, ништо друго не знаеја, кажаа ти се зафркаваш со нас. Ванчо Михајлов не е тука. Па зошто прашувате каде имаш средба. И денеска, господе златен некој се прогласува за наследник на КПМ на патинашите, на убијците , луѓе кои ликвидираа 54 души и покрај забраната од Тито во Велес 1945 година, луѓе кои ликвидираа 40 или 50 души во Куманово, луѓе кои ги ликвидираа борците , македонците во Егејска Македонија кои биле на лекување во Катланово. За жал, фактите се тие и ги користите тие затвореници за поефтина работна сила, градејќи си некакви пруги Шамац-Сараево зимно време на минус 50 степени. Толкаво изживување некој да врши на сопствениот народ досега господо не сум слушнал, освен можеби еден народ како нас на Балканот. Буквално се претворија во канибали на сопствениот народ. За жал, и денеска сме сведоци за такви дејанија во други институции и се чудам зошто реакцијата толку долго се одолговлекува. Не се реагира првовремено. Во зародиш да се исече се она што значи антимакеоднска идеа, олицотворени дали во еден законодавен дом,, дали во МПЦ или во некоја институција. Зошто во корен не се сечат таквите дејанија што нас не разбируваат како макеоднци и како верници. Па размислуваме во која насока ќе одиме. Да ми прости Синодот што си земам право да говорам, но тоа се размислувањата на обичниот македнски верник. Што се чека некој да отргнува македонски епархии да ги приклучува, заборавајки ги светите православни канони, дека секоја држава има право православно да формира своја афтокефална црква, заборавајки притоа дека Охридската архиепископија е мајка на Бечката партијашија. -За жал сведоци сме денес на такви работи и чекаме по онаа макеоднската турниме да кинисам, а додека се свестат, возот отиде.

Ќе се вратам повторно на 1945 година. Да не кажам која беше и улогата на КПМ врз МПЦ , зарем треба да преговорам за изјави дадени од првоборци од НОБ на Вера Ацева дека така ние згрешивме, ликвидиравме 300 души. Како да Се рабрти за 300 овци. Се работи за 300 македнски фамилии. Како си дозволуваат такви работи пр9д ајвноста да говорат за ликвидација на сопствените браќа, како да се работи па еве го фатиле зајакот па го заклале. С9 работи за животи, за луѓе. За луѓе патриоти. Треба ли да говорам за периодот на Втората светска војна. Треба ли да говорам за ликвидацијата на Кочо Рацин. Треба ли да го говорам за ликвидацијата на многу знајни и незнајни борци во периодот на Втората светска војна и разно-разните тенгирани потези од надвор што ги пренесуваа макеоднските, да Не речам во

наводници предавници. А и тоа беа, штом не размислуваа македонски во духот на најобичниот македонец. Јас не сакам многу да се говори околу оваа тема, Не сакам да навлегувам да не создадам револт каи моите колеги од СДСМ, пробав да избегнам многу замки ко Се наметнуваат по оваа тема ког асе говори, зашто не е добро. Во 1991 година членот 36 се донесе во духот на макеоднското национално единство и овој закон исто така, сакам да биде во духот на макеоднското национално единство. Ова што ѓо говорев денеска , не беше со намера некој да омаловажам. Да потсетам, на едне мрачен период, да потсетам на еден период кој не треба никогаш веќе да Се повтори. Да потсетам што правеше Македонецот врз сопствениот брат Македонец и да потсетам дека ова не треба никогаш да се заборави од едноставна причина: Зашто не смееме да дозволиме повторно да ни Се случат Идризово, Претор и разно-разни казамати овде во Македонија. За да потсетам дека мора да си подадеме рака да потсетам дека не очекуваат тешки искушенија за година, две или три, да потсетам дека заедно сме појаки, без разлика на која политичка партија припаѓаме, да потсетам исто така дека многу внатре и однадвор не меркаат да ни ја скинат главата, да потсетам дека можеби, по едно идно и модерно време треба да се здружиме во интерес на заштита и зачувување на Македонија, за која предвидувам, доколку сме обединети дека ќе живее, долго, долго години по нас, откога нас ќе не нема и дке анашите идни поколенија , олицотворени во нашите деца внуци и правнуци, Господ ако даде, ќе раководат со сопствената макеоднска држава. Едностано, напред мала репроспектива на еден минат и зол период кој не сакам никогаш да се повтори.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедурално, господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, колегата Флоровски не потсети сите нас овде присутни, а за жал не и целата македонска јавност за голготите и тортурите низ кои поминуваа борците за идејата за самобитна независна Македонија. И сето тоа се случува во едни минати времиња кои не треба никогаш би рекол да ни се повторат. Причината што процедурално се јавив е следнава. Имено, додека колегата Флоровски говореше на говорницава, ми се јавија неколку гледачи кои преносот го следеа преку Макадонската радио телевизија и кои интервенираа дека преносот одел само со слика, меѓутоа не и со тон, односно со говор. Значи, во денешно време, во времето кога идеите на прогонуваните за самобитна и независна Република Македонија се остварија, се обистинија во ликот на независна и самостојна Република Македонија. Би рекол дека говорот на колегата Флоровски кој јас ќе го наречам реквием за починатите, убиените и прогонуваните за идеите за самобитна и независна Македонија не допре до ушите на јавноста во Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедурално се јави господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сакам да кажам дека многу ми е жал, не дека Флоровски е Цицерон или Демостен, многу ми е жал што во една Демократска Македонија, во еден демократски Парламент, незнам по чија вина се случува да се пренесуваат говори не од историско значење, од значење за македонскиот народ. Темата на дискусијата беше еден закон кој треба да подаде рака на македонците едни меѓу други, но за жал се наоѓаат и такви луѓе кои еве, во одреден даден момент како што беше со мојот случај да одам како нем филм. Причината претпоставувам некој ќе ја испита и дека некој ќе сноси одредена одговорност доколку постојат демократски институции. Доколку не, господа, Господ нека ни е на помош.

Благодарам уште еднаш на Макадонската радио телевизија за многу успешниот пренос.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедурално господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Неможам да не одговорам на оваа гротесна процедурална интервенција на господинот Краљевски, смешна интервенција, бидејќи за овие две до три години Макадонската радио телевизија е само сервис на одредена владеачка гарнитура за пропаганда која ја користи овие три години. Истото тоа го зборуваше ти, господине Краљевски, вие не признавате.

(Реакција од страна на пратениците)

Ова е начинот на демократијата како ја манифестираат, насилство.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Повелете, само бидете покоректен.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сакам да реагирам бидејќи целиот говор одел во целост на Макадонската радио телевизија во моментите кога господинот Флоровски, имаме јавувања и ние, се помрднувал во дистанца која смета за акустиката, тогаш не се слушале одредени моменти, меѓутоа од тоа е направена драма. Меѓутоа, јас верувам дека како е устроена Макадонската радио телевизија и како е под строга партиска контрола, овие денови наколку пати ќе направи реприза на овој говор и треба да направи на оваа лектира на господинот Чедомир Краљевски. Меѓутоа, низа пати овие преноси на Макадонската радио телевизија беа проблематични.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

(Од место)

Не е тема Макадонската радио телевизија. Ве молам, господине потпретседателе интервенирам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас сум должен да ви речам дека преносот течел во сета нормала што значи и со тон и со слика.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Затоа, јас морам да интервенирам на оваа грама и ефтин политички маркетинг на координаторот на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ која овие неколку години максимално ја користеше таа Макадонската радио телевизија во пропагандни цели за сите нивни врвни функционери и сега згора на тоа, после сите овие години ние трпиме и тортура.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Макадонската радио телевизија не е на дневен ред. Ве молам, сега бидете принципиелни и вие.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи сакам процедурално да интервенирам, јас би сакал оваа дискусија без разлика што се работи за една чувствителна тема, да ја сведеме на една реална дискусија која ќе се врти околу темата која е поставена и околу законот, а не да ја користиме за ефтин политички предизборен маркетинг, бидејќи и со самиот чин што оваа тема доаѓа во предизборието со самото тоа веќе таа зборува дека е поставена за маркетинг на одредени групи кои за овие 4 години на владеење не успеаја на тие луѓе да им обезбедат соодветно место во општеството, очигледно сега наоѓаат време пред изборите. Да се концентрираме на темата, да не правиме ефтин политички маркетинг.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Би ве замолил колеги пратеници, самиот закон е многу чувствителен. Очигледно дека треба чувствата малку да ги кочиме и да бидеме што поконкретни, бидејќи самиот закон е таков. Верувајте дека овде можат да се спомнуваат и личности и одреден колективитети. Затоа ве молам да бидете потрпеливи во тоа што значи да придонесеме за законот.

За збор се јави господинот Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Јас сакав да се откажам од дискусијата, затоа што го слушнавме ставот на пратеничката група на ДПА. Меѓутоа, дозволете само кратко, неколку збора да кажам мое мислење околу законот. Она што го кажа сега пред малку пратеникот Флоровски навистина вакви тортури што ги претрпеа голем број на луѓе од различни причини, поготово поради други политички ставови, или поради други политички ориентации за време на минатиот режим. Тој го кажа само едниот дел од медаљата, затоа што зборуваше само за еден колективитет. Меѓутоа, можеме ние и сега, меѓутоа можеме да ја кажеме и другата страна на медаљата. Значи, што работи се случени во другиот колективитет како што е албанскиот. Затоа бев на мислење да во овој закон не бидат опфатени само еден дел на овие политички прогонувани луѓе, туку да бидат опфатени и други кои исто така со години биле под разни казамати, не само Идризово. Морам тука да го спомнам и Ниш, Бела куќа, морам тука да го спомнам и Пожаревац, и Сремска Митровица. Значи, тоа е огромна маса на луѓе кои дефилирале по овие казамати. Јас сакав да се откажам заради тоа што после тие консултации што ги имавме после таа пауза пратеничката група на ДПА ќе иницира ист закон за политички прогонувани поради разни причини кај албанциве. Јас би сакал навистина малку коректност од страна на пратениците, затоа што тоа е многу чувствителна тема и сите ние имаме обврска кон тие луѓе, затоа што ако не се живи, тие имаат свои наследници. Така што навистина мораме да бидеме многу повнимателни. Јас кажав дека се откажувам заради ставот на мојата пратеничка група, затоа што ние ќе иницираме исто таков од ист вид закон со кој ќе бидат опфатени и овие лица за

кои спомнав пред малку. Има затворени и прогонети луѓе заради разни причини, заради идеолошки, заради верски, заради сопственички, човечки права, образовни и тн. Затоа, мое мислење е дека мора да се иницира и да се донесе уште еден ваков закон во македонскиот парламент.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, Прво, е сосема неразбирливо како некој се присети баш сега да предлага таков закон не само во однос на чувствителноста, содржината на овој закон, туку во однос на тоа дека требаше да се запази од причина што некој, или многумина ќе можат и таа човечка трагедија да ја експлоатираат за нвните политички профитерски цели, што за жал си давам за право слободно да изразувам мислење дека такви дискусии имаше што е до крај според мене не само неприфатливо, туку и до крај штетно и неморално. Но, ние сме тука и тие сме и толку вредиме, надвор од нашето его, од нашиот начин на резонирање и кошиенција не можеме. Јас сосема кратко ќе кажам без Некоја цел да се повреди нечие достоинство, помалку со некоја цел да се повредат нечиии емоции, или нечие право, туку едноставно прагматино да расправаме за нешто што заслужува така да се расправа. Имено, сосема е природно право на тие луѓе кои беа подлежи на такви малтретирања, на такви рдпресии е да си добијат барем ако Не повеќе морална сатисфакција за тоа што го доживеале од самиот, или од простиот факт што мислеле, или резонирале, или имале идеи поразлични од системот во оделен период. Значи, се работи за една идеја. Некој е во позиција на таа нечија идеја да го казни, да го репресира, а идеи имаме многу. Идеите Се различни, од различен интерес. произлегуваат од различни групи, од различни поединци. И, едноставно

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ**: (продолжение)

Јас жалам што и насловот на законот дава етничка боја на законот, така што ние расправаме за закон кој се однесува на прогонетите лица и затворени лица поради идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Значи, ние тука не резонираме граѓански, туку резонираме етнички. Тоа е штетно за државата. Треба да се ослободиме од нашиот резон на таков начин, врз етничка димензија, да ги поставуваме важните прашања кои дијаметрално се косат и со нашиот последен Устав. Се косат со природното право, да го оставиме Уставот, природно право на рамноправност да се третира барем во репресијата како рамноправен.

За тоа можеби треба да се титулира и насловот поинаку, за да се замени етничката сингтагма. Едно е етничка припадност да се менува со граѓанска и државна. Можеме да кажеме за сатисфакција на граѓани и лица кои се ангажирале за една демократска Македонија и тн. Мора прашањето да го поставуваме територијално наместо етнички. На самостојна Република Македонија и демократска Република Македонија. Тоа би требало да биде насловот на законот, што асоцира автоматски на сите идеи кои се прогресивни, или ние сметаме дека се прогресивни, или мнозинството смета дека се прогресивни, а според сите норми така се сметаат, меѓутоа позади тоа некогаш стоела репресија.

Имаме член 1 и член 2 кои се предложени во законот а се косат првиот со вториот. Додека првиот кажува зошто, што уредува овој закон, има етничка димензија, национална димензија, вториот е многу поприфатлив, а и контрадикторен со првиот. Кажува дека за такви лица кои се казнети поради независноста на државата Македонија и демократските односи во таа независна Македонија. Значи, имаме коалиција помеѓу членот 1 и членот 2 по предлогот кој е пред нас денес и за кој расправаме.

На крај, повторно ќе се навратам на прашањето да не се покаже барем артифицијално надпросечно хуманисти и надријахално над тоа што е стварно хуманисти од причина што да сме толку хуманисти, ние барем ќе ги жалевме со една наша колективна оставка тука било како Собрание или како Влада пред граѓаните бидејќи 2 милиони и повеќе граѓани се жртва на ова Собрание, жртва се на оваа Влада. Нивното достоинство практично и не постои затоа што им е таков стандардот. Замислете како може едноставно да се гради резон на аминализам. Значи, човекот живее само за да не умре или само да се прехрани. Тоа се развива кај нашиот граѓанин, а не дека е едно суштество кое треба да има култура, треба да има развој, треба да се прошета, треба да школува деца и тн. Треба да има висок стандард. Резонот лимитира на тоа

човекот да не умре од глад и ова Собрание и оваа Влада и другите институции не гледаат за право да вршат сатисфакција со една отстапка тука дека ние сносиме одговорност зошто 2 милиони граѓани во РМ имаат така лоша состојба.

И не можеме да кажеме дека е оправдано да затвораме иднина на нови генерации, а од друга страна да бараме минато на генерации кои поминале. И второто е потребно, ама не може за сметка на првото.

Затоа предлагам законот да се врати на повторно разгледување пред Владата и да се предложи закон кој заслужува да биде закон на една демократска држава која има демократски институции и која е граѓанска.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Мерсел Билали. За збор се јави г-ѓа Рената Бошевска.

**РЕНАТА БОШЕВСКА:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Пред нас за прв пат во историјата на современата македонска држава се наоѓа Предлог на закон за утврдување на правата на прогонуваните и затвараните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивното семејство.

Донесувањето на овој закон е од круцијална важност за продолжувањето на егзистирањето на нашата држава формирана вака и на овој демократски начин. Треба да се каже дека идејата за самостојна обединета-демократска и организирана врз основите на партискиот плурализам македонската држава датира уште од поодамна. Уште од почетокот на овој век, па се до 1944 година, бројните друштва на македонски студенти во Софија, Женева, Париз, Берлин, Милано и во други градови ширум Европа носеле декларации со кои се повикувала европската јавност да даде поддршка на идејата за обединета македонска држава. Тие декларации и манифести на тогашното македонско општество служеле како патоказ за нивната концепција за развој на Балканот, но и како монета за поткусурување на нивните државни интереси. Како и да е самостојна и демократска македонска држава е факт, барем од референдумот на 8 септември 1991 година.

Покрај привилегиите што со тоа ги добивме нам ни остануваат и обврските кон сите оние кои ги положиле своите животи.

Југословенската Федерација лево и Болшевички ориентирана никогаш до крај и доследно не ја спровела идејата за нејзина независност и самостојност на Македонија. Сите овие кои од периодот од 1940 година се бореле за таква држава биле или убивани без суд и пресуда, или осудувани на долгогодишен затвор под разноразни монструозни обвиненија. Обвинувањата против борците и судените за независна Македонија се позајмени од широката палета на Болшевичките мистификации за патриотизмот. Обвинувани се како квислензи, фашисти, национално одредени и сл. Тогашната нивна трагедија досегашното општество треба да ја надмине. Во Македонија такви немало. Ние сме имале борци за сопствен државен правен статус организиран по европски терк организиран на широк европски начин по кој секој треба да се чувствува национално, онака како што се чувствува и да припаѓа на онаа политичка опција за која мислиме Дека ќе биде најблагодетна за неговиот народ. Тоа е нашиот пат кон Европа што осудените за слободна и самостојна Македонија ни го зацртаа уште во првите повоени години. Жртвите на идејата за самостојна и демократска Македонија паѓаат уште во првите денови по влегувањето на партизаните во македонските села и градови.

Со поред текст дека се работи за фашисти, соработници на окупаторот без суд и пресуда Се извршени масовни стрелања во Велес, Куманово, Прилеп и други градови. Стрелањето без суд и пресуда се само увертира и президиум на настаните кои ќе следуваат. Се донесува срамниот и ненароден закон за заштита на националната чест по угледот на Болшевичка Русија и на обвинителот Вишински. Тој закон дава широки права на судовите да можат Секого и за Се да осудат над било каква казна и конфискација на имотот. Почнуваат првите судски процеси и се изрекуваат првите смртни пресуди . Судени се лекари, инженери, трговци.

Почитувани колеги, не сакам да говорам за трагедијата на Методија Антонов - Ченто, со оглед на фактот дека се работи за позната и веќе апсолвирана тема. Исто така позната и судбината на Панкобрашнарот, Венко Марковски, Павел Шатев и некои други припадници на левицата кои своите животи ги окончаа

или ги поминаа по затворите на Титова Југославија. Како реакција на теророт што го спроведувал режимот се формираат групи задоени со идејата за македонска самостојна држава. Тука се големите процеси против т.н. штипска група и струмичка група, како и процесот против деветмината струмичани наречен процес на заговорниците од с. Вељуса.

Исто така не би требало да бидат заборевени ни петмината струмички студенти ликвидирани без суд и пресуда. Нивните семејства им подигнаа скромен паметник на градските гробишта во Струмица за да само неколку недели подоцна истиот биде разрушен со експлозив. Сторителите на ова недело во не така далечната 1951 година останаа непознати до ден денеска. Споменикот на гробиштата го обновија нивните семејства и сполај му на Бога во последнава година градот им се оддолжи со скромен паметник во центарот на градот.

Конечно погромот врз македонските интелектуалци и поборници на идејата за самостојна македонска држава ориентационо завршува некаде 70-тите години со големиот наместен процес против Костадин Диневски - Динката и новинарот Панде Ефтимов. Тоа би бил нешто како полуофицијален крај на антимакедонскто безумие. Досега изнесеното е само врвот на ледениот брег. Трагедијата е многу поголема, а бројот на несреќните жртви до ден денес е непознат.

За илустрација сакам да кажам дека во еден период од повоена Македонија некаде од 1944 до 1952 година сите македонски лекари, адвокати, инженери, определен период го поминале во Централниот скопски затвор или во Идризово. Како илустрација на трагедијата сакам да ви кажам дека во периодот од 1947 до 1949 година цели семејства биле по затворите, како што се на пример семејството Коцареви од Охрид, од кое што 5 машки глави биле во Идризово; семејството Светиеви од Битола каде што исто така 5-мина лежеле во Централниот скопски затвор и во Идризово. Нивната трагедија може да се опише само во некоја античка драма.

Донесувањето на овој закон сметам дека треба да биде рутинска работа. Неговите одредби се јасни и соодејствуаат со времето во кое живееме. Исто така не треба да не загрижува ни обемот на материјалната компензација на жртвите од претходниот период. Повеќето од нив се веќе одамна починати и на нив им се оддолжиле нивните семејства со едноставни надгробни паметници на локалните гробишта. Овие што се останати се многу малку и материјалната компензација ќе биде незначителна во сразмер со страдањата што ги доживеале. Повеќето од нив, од живите, се образовани луѓе, интелектуалци и потомци на богати семејства на кои што со Законот за денационализација ќе им бидат вратени и имотите. Тие и нивните семејства нема да бидат на товар на скромниот буџет на оваа држава. Станува збор за нешто друго. За нашата обврска кон оние кои учествуваа во стварањето на современата македонска држава.

На крај сосема приватно сакам да ви предложам на сите нив да им се подигне еден паметник на место кое ќе го определи Парламентот на Македонија во било кој крај на Македонија како наша признателност кон нив.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-ѓа Рената Бошевска.

За збор се пријави г. Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници од Владата.

Со оглед на тоа дека ние како пратеничка група имавме предложено еден предлог на закон со нешто слична основа, кој што беше на дневен ред на 107-та седница, исто така таму има и еден Предлог на закон за поништување на пресудите. Јас длабоко се надевам дека ова Собрание ќе стаса да го разгледа тој закон, но со огромна радост го дочекав тоа да и Владата, владиниот закон по истата проблематика конечно да дојде на дневен ред на Собранието на РМ.

Јас ќе се навратам на двата обида во октомври 1993 година на ова Собрание да донесе закон со слична содржина. Тогаш пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предложи декларација за осуда на недолжните жртви на монтираните политички процеси и за рахабилитација на осудуваните лица за самобитност на македонскиот народ и идеите на ВМРО. Исто така со предлог на закон од тогашните тројца независни тројца пратеници, тоа се почитуваната г-ѓа Ѓулистана Марковска, Ефтим Манев и г. Тодор Петров. Беше поднесен закон, но и тој не ја помина собраниската процедура.

Подоцна имаше и еден предлог за изменување на Собранието на РМ кон сите политички репресирани во текот на

комунистичката диктатура и ќе беше најпродуктивно, ќе биде непродуктивно да се навраќаме на причините зошто тие обиди поминаа неславно во македонското Собрание. Потенцирам дека ова е во период на 1993 година кога РМ веќе беше самостојна, независна и суверена држава со веќе донесен Устав. Чудењето останува се до денеска. На нашата јавност и на меѓународнта и е нејасно и останува без одговор како може еден Парламент и по една деценија независно од неговиот мултипартиски состав, па и идеолошки состав толку лесно, да не кажам неодговорно да помине преку една круцијална историска неправда и да не даде правно-политичка сатисфакција на плејадата во кои почнувајќи од 1944 до 1991 година се бореле за една Македонија како што денес ја имаме како што пишува во Уставот на РМ - суверена, самостојна, демократска и социјална Република Македонија.

Просто неверојатно е како е можно Собранието на РМ досега да не го имплем9нтира членот 36 од Уставот на РМ кој јасно говори за прогонуваните и затвараните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, па и во ситуација кога преку Законот за денационализација кој се реализира веќе трета година и фала му на Бога оди релативно добро таа постапка, речиси половина работа во однос на некои права е завршена, бидејќи преку судската постапка за докажување на наследниците се бришат дополнителните основи, дополнителните осуди, затоа што конфискацијата на имотот многу често се случуваше, тие луѓе чиј имот се конфискуваше во исто време се случуваше да бидат водечки интелектуалци во државата кои што не ја поддржуваа тогашната власт, така да со еден удар се завршуваше повеќе работа. И на политичка и на граѓанска основа се девалвираа тие луѓе и што е уште пострашно и на семејна и на материјална основа се конфискуваа сите нивни семејни богатства.

Конкретно јас ќе се навратам на законот предложен од Владата на РМ, бидејќи сакам да дефинираме две работи. Имено на сите нас мора да ни биде кристално јасно дека сите тие осудени лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ, пред се беа судени за идејата, идејата дека РМ треба и мора да Се отцепи од тогашната Федеративна држава и самостојно да го продолжи патот во Европа.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ**: (Продолжение)

Значи, тие луѓе се бореа за она што го имаме сега. И, исто така треба да се потенцира дека луѓето осудувани особено во периодот 1945-1959 година се она што значи ркулец, нишка на политичката опозиција на тогашниот комунистички режим. Бидејќи идеите како такви неможе никој да ги надокнади, се согласувам со тоа, единствена надокнада за тие луѓе и за нивните идеи останува нивното име запишано со златни букви во историјата на Република Македонија. Но, за тие идеи истовремено неможеме да кажеме дека тие лежеле затвор.

Не, почитувани колеги, почитувани дами и господа, тие луѓе беа осудени на тешка присилна работа. Има огромна квалитативна разлика помеѓу тие две работи. Фактот дека судените лица за македонската национална самобитност се судени со Драконски казни од страна на југомакедонските владетели во периодот на комунистичкото едноумие, односно безумие, освен со казната лишување од слобода, беа казнувани со дополнителни, таканаречени споредни мерки: тешка присилна работа, конфискација на имот, губење на граѓанските и политичките права и националн. чест кои казни беа типично идеолошки и крајно нехумани. Така, во случајот ретко кој може да свати што во буквална смисла значеше казната, пазете споредната казна тешка присилна работа. Тоа може да се свати како терор од робовладетелскиот период.

Имено, треба да знаете, според сведоштвата на тие луѓе кои преживеаја, работниот ден на овие несреќници беше 12 часа работа, со пауза за ручен од 2 часа. Значи, ефективна присилна работа. А, работната седница траеше 6 дена, односно 60 часови. Сва го потенцирам од причина што не сакам било кој од јавноста на РМ и пред се членовите на Собранието на РМ да помисли дека сега Собранието на РМ дава нешто незаслужено. Тие луѓе крваво го заслужија тоа што би го добиле со донесувањето на овој закон. Практично,преку тешката присилна работа, осудениците создадоа производни вредности, работејќи на градежни објекти ширум Македонија и тогашна Југославија. На пример, станбената населба на полицијата во Идризово, репрезентативната населба на Водно, спортско рекреативниот центар "Сарај", Загребската улица "Скопје", Преспанскиот комплекс, овде акцент ќе

ставиме, комплексот "Отешево", "Царина' пробивање на патот преку Галичица, на градилиштето на Нов Белград, Автопатот "Братство-Единство", каменоломот во Добој, Рудникот во Злетово и тн. и тн.

ВО овој контекс на тешка присилна работа и создаваше производни вредности беше крајно диктаторски и пролетерски, затоа што никаде во демократскиот свет затворската казна не се филува со терористички мештоди на присила за работа. Затоа, на осудуваните лица за македонската нација и државна самобидност, за својата тешка присилна работа им припаѓа дефинитивно им припаѓа надокнада за вложениот труд за секој работен ден. Ова работен ден сватете го во услови на тешка присилна работа, поминати во затвор.

Критериумот за надокнада треба да биде, според моето видување, треба да биде нешто поголем, затоа што просечната плата во РМ се заработува со осумчасовно работно време и получасовна пауза за ручек. Но сепак, оставам на експертите на Министерството за финансии дека моменталната состојба со Буџетот на Република Македонија е таква што, како што е предвидено со овој закон во член 9 да прогонуваното лице има право на еднократен паричен надомест во износ од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходната година. на овој начин можеби донекаде ќе ги исправиме тие неправди што, несомнено, ние како Собрание мораме да ги исправиме затоа што сме исправени пред едно историско барање тоа да се направи.

Зошто досега не е направено ова? Мене ми е кристално јасно и можам слободно да кажам, со оглед на информацијата што на времето е строго доверлива и датира од септември 199 3 година, од МВР, ќе ви ја прочитам за да може и ние и вие кои не сте запознаени со Информацијата и македонската јавност да свати дека дури и во 1993 година кога потенцирам Македонија е самостојна, суверена и независна држава, кога е на сила Уставот на РМ, МВР ги користи термините за национално-шовинистички сепаратистички позиции: откриени, попречувани 105 илегални терористички сепаратистички групи и организации. Пазете, во самостојна РМ, 1993 година се употребуваат без наводници илегални терористички сепаратистички групи и организации. Мислам дека ова ја покажува политичката клима што владее во тоа врме во Република Македонија. Анализирајќи ја таа политичка клима со тоа политичко водство во Република Македонија мораме да ја сватиме причината зошто сето тоа не е донесено ниту денес.

На оваа информација од МВР се базира фактички една историографија за политичката позиција во РМ од одредени врвни историски работници се презентира сето тоа како политичка опозиција. Така што мојата партија ВМРО-ДПМНЕ ако во 1990 година го одржа својот Х1-ти Конгрес, повикувајќи се на историскиот континуитет со ВМРО-историската, ние мораме да бидеме силни и да признаеме дека историската конекција помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и Историското ВМРО дефакто паѓа на овие луѓе кои успеаја во периодот од 1945 до 1991 година и покрај невидениот терор и прогон да ја држат во живот идејата на ВМРО, идејата за само битна и независна Република Македонија.

Морам да потенцирам дека во тој период се откриени 105, според изразувањето на МВР тогашно, 105 илегално терористички сепаратистички групи организации со преку 1200 припадници. Нивното делување било насочено кон отцепување на РМ од заедницата на југословенските народи и создавање самостојна и обединета Република Македонија. Токму е тоа она што ми дава елан што повеќе да придонесам за што поквалитетен закон и овој закон да се донесе во Собранието на РМ.

Посебно сакам да потенцирам дека од 1045 припадници на илегалните терористички сепаратистички групи и организации 242 од нив се осудени на смрт или временска казна затвор подолга од 13 години. Знае; ќи ги условите, знаејќи ги тортурите во затворите оваа група осудениш на смрт, многу брзо на таа група им се придружуваат луѓето осудувани на 15 и повеќе години затвор, затоа што многу од нив не можеа да го издржат теророт во тој период што се применуваше.

Би потенцирал дека во 1946 година беа откриени и попречени делувања на осум групи и оргнаизации и тоа во Скопје две, Струмица две, по една во Битола, Велес, Кичево и Штип. Овде додуше напишано Титов Велес. Лишени се од слобода 62 лица од кои 45 се осудени. Зборувам за 1946 година.

1947 година се откриени 19 групи и организации и тоа во Велес 7, Битола 5, Струмица 2 и по една во Куманово, Охрид, Прилеп и Гевгелија. Лишени се од слобода 335 лица од кои 104 осудени. ВО 1947 година има откриено 16 организации. Битола 7,

Струмица 3, во Прилеп, Валандово, Гевгелија и Скопје. Лишени се од слобода 252 лица од кои 95 осудени и тн. и тн.

За да може да се свати големината или раширеноста на идеите за самобитност на македонскиот народ и македонската држава ќе ја прочитам напомената што следи на крај. Вели дека поради големиот фонд на архивска документација со која располага МВР за лица кои се зала-гале за самостојна и обединета Македонија, како и релативно краткиот временски период за остварување увид во истата, можни се отстапувања од точноста на изнесените податоци. Значи, овие бројки изнесени 199 3 година не се конечни. Се надевам дека научниците од РМ кои работата на историските науки ќе успеат да се ослободат од идеолош-ките пранги и ќе можат да го согледаат овој период на блиска историја во РМ. Еден од најлошо опсервираните период во историјата на РМ е токму тој период. Така што ја користам можноста да ги повикам да ги расветлиме сите овие нејаснотиии во овој период од историјата на РМ.

Кога се донесе Уставот на РМ, на кој што сите се повикуваме и господинот Флоровски се повика на членот 36, сакам да го прочитам тој член затоа што сакам на македонската јавност да им биде јасно дека ова не е ниту предизборен маркетинг за собирање политички поени бидејќи луѓето на кои се однесува овој закон одамна ги вградиле своите идеи, некои од нив ги вградиле своите животи во идејата на ВМРО. Така што за нив апсолутно не е потребен било каков политички маркетинг. Во членот 36 се вели:

"Републиката им гарантира посебни социјални права на борците од Антифашистичката војна и од сите национално ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можност за материјална егзистениција.

Посебните права ќе се утврдат со закон."

Длабоко се надевам дека послениот став од членот 36 на Уставот на РМ ова Собрание на РМ ќе го исполни односно ќе ги уредиме посебните права на овие луѓе.

На крајот, сакам да се осврнам на оние прогонувани и затваран лица кои за време траење на своите затворски казни починаа во затворите на РМ. Сакам да потенцирам дека тука треба да се размисли за тие луге и нивните семејства, да им се помогне со максималното можно право кое изнесува надокнада за 20 години тешка робија, затоа што ќе морате да признаете дека е неверојатно тешко да се живее во едно семејство каде што главата на семејството, носителот на материјалните добра неопходни за егзистенција на едно семејство веќе го нема, и можеме ние од оваа историска дистанца само да претпоставиме што значело губењето на родителот за едно семејство кое што допрва треба да ги изнесува своите членови на правиот пат.Малку ми е тешко да зборувам но ќе продолжам. Треба да имаме многу сила во себе, за да сватиме дека тие семејства каде што имаше и деца каде што мајката на тие деца оста-на сама,како течеше оној период на подигнување на семејствата,каков жесток белег имаше таа фамилија во тоа опкружување тогаш. И ако не изнајдеме сила и средства да им возвратиме на тие луѓе, јас мислам дека *ќе* направиме една голема грешка, односно дека нема да го изодиме патот кој што и со Уставот, а и со историската одговорност што ја носиме *ќе* мора да го изодиме. Имено, барем на тие луѓе што не се меѓу живите, но оставија свои потомци, треба да им помогнеме или барем малку да успееме да им внесеме барем малку светло во целата она темнина која што долги години,тие,во која темина тие живееја. Така да апелирам да овој закон помине во Собранието на Република Македонија во што не се сомневам, затоа што мошне сличен закон поднесе пратеничката група дна ВМРО-ДПМНЕ, поткрепен со 43 потписи. Исто така, длабоко сум уверен дека и другите политички партии ќе го поддржат овој предлог закон и мислам дека ќе успееме на крајот на краиштата, подобро некогаш, него никако да донесеме еден ваков закон.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам и јас.

Збор има Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈАМНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Денеска на дневен ред имаме еден значаен закон по мене, но на жалост овој значаен закон по се изгледа нема да ги постигне ефектите кои што се очекуваат да ги постигне, со оглед дека по се она што прочитав во Законот не е јасно што се сака со овој закон да се постигне. Дали Законот прави историска и реална дистанца од

идеолошките причини кои што живееја, во кои живеевме во Република Македонија, пред 199 0 година, пред плурализмот, или пак историска дистанца, историски околности во која се создаде Република Македонија.

Од се она што беше кажано досега, на жалост сите овдека слушавме многу историски часови, многу емотивни дискусии, но никако да се допре до целта и суштината на законот. Од тоа кој го предлага Законот јасно е дека нешто не е вред. Ако со овој закон се сака да се удоволи правдата, тогаш логично би било предлагач на Законот да биде Министерството за правда, а не Министерството за финансии.Прашање која е логиката и ингеренциите на Министерството за финансии да ја задоволи правдата.Предлагач е Министерството за финансии. Апсолутна нелогичност што не се коси со вистината.

Се повикуваме на уставни норми каде што, на основните елементарни права и слободи на граѓаните на здружување и изнесување на јав-ната мисла, па понатаму да продолжиме со самобитноста и самостојноста на македонскиот народ.

Почитувани пратнеици, Република Македонија и реалноста во Република Македониа и историска и идеолошка, ако сакате и фактичка е сосема поинаква од тоа што се предлага во Законот. Република Македонија и во овие простори на Балканот воопшто и албанците и македонците имале заедничка судбина што долго време се бореле за нивната самостојност и нивната позиција во општеството воопшто во овие региони.

Ако е така, јас ќе се согласам само на историските факти после војната односно за време на Втората светска војна и после Втората светска војна. Нема Влада, почнувајќи од АСНОМ, нема Собрание, дури и Конститутивното собрание кое го донесе првиот Устав на Собранието на РМ во кое не учествувале албанци. Па и во плуралното општество, плурална Република Македонија албанците активно учествуваа во создавање на вредности и достигнување на рамноправност во Република Македонија.

Почитуван потпретседателе, дали ќе создадете услови за работа

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Услови постојат. (Истовремено предупредувајќи на ред со ѕвончето).

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Не постојат господине потпретседателе. Не е пазар ова.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Условите се добри, а колку ќе бидат заинтересирани да ве слушаат тоа е ваша способност.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Тие ако не се заинтересирани можат да излезат надвор.

Според тоа, ќе ве молам, дали овде некој има вистинска волја да разговраме за донесување на еден ваков закон? Она што се случува и како течат дискусиите, за такво нешто нема расположение.

Се повикавме на многу историски факти и настани во Република Македонија. Ако почнеме да ги набројуваме сите што беа на удар напогрешните идеолошки убедувања после Втората светска војна, верувам дека ќе се согласите дека најпогодени беа албанците.

**РИЗБАН СУЛЕЈМАНИ**: (продолжение)

Дури во овој состав на парламентот имаме двајца наши колеги кои својата рана младост ја проведоа токму во затворот Идризово, едниот 8 години а другиот 4 години, а сите гледаме дека тие се лојални граѓани на оваа држава, учествуваат за создавање на една демократска мултиетничка држава. Тие беа жртви на идеолошкото убедување. Сега се прашувам дали ќе направиме историски пресек кој го има во сите посткомунистички земји, значи да ги рехабилитираме сите тие кои беа жртви на тоа идеолошко убедување. Тие не беа само од еден народ. Жртви на таквите убедувања беа сите граѓани на РМ. Затоа, ако веќе се повикуваме за да решиме една неправда, треба навистина да бидеме рамноправни спрема сите граѓани на РМ. Зарем потешко им било на тие во Идризово кои само зборувале различен јазик и имале различна култура, додека другите кои, еве случајно зборувале друг јазик, им било полесно. Не господо. Ние или ќе ги рехабилитираме сите, или не можеме да одиме селективно во национална основа. Ние историските околности во кои се создава државата, да се повикуваме дури и на нормативните акти и на највисокиот акт на државата РМ, тоа е во Уставот. Сите граѓани а по-готово дел од кој зборува за историјата за создавање на државата и континуитет на битката за создавање на државата, јасно се дефинирани во преамбулата во Уставот на РМ. Според тоа никој нема право, ама никој нема право таа самостојност и битка за самостојност на РМ, да ја препише само на еден народ, само на еден колективитет. За жал, судбината ни е

заедничка, и историска и сегашна и иднина. Затоа, ке ве молам да создадеме услови, или да најдеме сила овој закон да го преработиме и тој да ги опфати сите категории на граѓани кои беа жртви на едно умието. Во спротивно, ако малку ги анализирате дискусиите, навистина се многу, дури и законот е контраверзен.

Во Уставот се повикуваме на историскиот континуитет на државата, од Илинден, сите досегашни дискутанти зборуваа дека во РМ, 50 години фактички немало држава. Постоела некоја југословенска, српска незнам каква власт. Па и ние исто бевме жртва на таа власт ако постоела

Сега, доставувајќи еден ваков закон каде што нема да најдаа мето историчарите, теоретичарите, правниците, кои јасно ќе дефинираат кој се припаѓа под категорија партикулирани граѓани на РМ, во овој закон, мислам дека е преурането, ја попримиле лошата димензија на политички маркетинг, што апсолутно не се согласувам. Напротив, сум за тоа луѓето да бидат рехабилитирани, да бидат обештетени затоа што вакви и слични закони се донесени во сите посткомунистички земји, но верувам не на ваква основа и не на основа на овие критериуми кои се создадени овде. Критериумите вели ќе ги создаде комисија, пак при Министерството за финансии. Која е логиката да проценат тие кои се најмалку компетентн да кажат што е оправдано а што не е оправдано, кој потпаѓа под историските критериуми на создавањето на државата, односно кои учетсвувале во признавањето на државата и кои биле под удар на закони. Според тоа, јас ги поддржувам тие иницијативи на пратеници кои велат дека законот треба да се повлече, да се преработи. Инаку, законот ваков каков што е навистина не би можеле да го поддржиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Предлог законот за донесување за правата на политичко

прогонуваните и осудуваните и затворените лица за идеите и самобитноста на македонскиот народ и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон е еден закон кој навистина може би е многу потребен за РМ, само на ваков начин каков што е предложен сигурно не е во интерес на нашата земја. Зошто го кажувам ова. Тоа го кажувам затоа што предлогот, затоа што предлогот кога се однесува само на една категорија на граѓани од една друга етничка националност, сигурно ќе придонесе во работите да одат кон тој правец за што ние не сме заинтересирани.

Сите знаеме дека 1945 година па и порано имаме луѓе кои се осудувани за неколку зборови искажани односнс за своите идеи. Идеите се разликуваат од потребите на граѓаните. Една група на граѓани сигурно имала за цел чии идеи биле самобитноста на македонскиот народ. Ако прифатиме еден таков термин, граѓаните на РМ, кои со векови живеат заедно, полесно ќе можеме да ги најдеме на едно место во Крушевската Република отколку во пресудите после 1945 година, бидејќи после 1945 година, една категорија на граѓани се казнети како нелегални на РМ, односно дека го критикувале самоуправувањето на РМ, социјализмот во македонија, нерамноправноста во Македонија. Така, во сите пресуди ќе најдете термин дека се грагани кои се бореле против интересите на РМ.

Ако сакаме да имаме еден заендички закон тој закон треба веднаш да биде прифатен, со неои нови измени.

Ние порано имавме предлог од пратеник, а сега во Собранието се расправа за предлогот на Владата, што е малку необично, бидејќи овој предлог не беше во ЗПК и ние не сме расправале за овој закон. Сакам да кажам, ако остане ваков каков што е предлогот, тоа ќе значи дека само една група на граѓани односно граѓани од една етничка националност ќе имаат право да поднесуваат барања да се рехабилитираат односно да им се даде соодветна надокнада. Тоа ќе биде многу лоша работа со РМ, бидејќи интересот не е да се прави некоја разлика, туку напотив со Уставот на РМ, ние имаме обврска и должност да бидеме еднакви сите граѓани на РМ.

Оние кои беа активни во уставните расправи сите знаат дека членот 36 требаше да се менува бидејќи и тогаш забележавме дека не е во интерес за сите граѓани во РМ. Меѓутоа, тој член останал непроменет, бидејќи сакавме да дојде едно помирно време кога ќе измени на целиот Устав на РМ. Кога ќе дојде тоа време сигурно ќе ги расчистиме сите тие проблеми, не само по етничка основа, сигурно и проблемите за поширо интерес на РМ. Меѓутоа, со новите амандмани ставивме нешто ново, што ре ковме дека ке

обезбедиме рамноправност на сите граѓани, како што знаете јазикот и застапеноста на другите етникуми во органите на власта и во сите сегменти на државата.

Сакам да кажам дека можете да најдете многу прецизни во РМ инод Врховен суд каде се казнети луѓе само затоа што некој рекол дека застапеноста на албанците не е соодветна во РМ, каде е речено дека ма-кедонскиот народ е фаворизиран народ во РМ, каде е речено дека албан-ците немаат услови за школување на свој јазик, каде е речено дека се што се работи во РМ е во интерес на македонците. Сакам да кажам, ако некој бил казнет само за тоа што сакал поголема рамноправност, што бил против еден таков лош социјализам, што сите денес во ова Собрание го критикувате, редот е и тие да се прифатат како луѓе кои се казнети од еден тоталитарен режим, како што вие често пати сами го кажувате од ова, говорница, односно сами го признавате.

Јас не сакам многу да должам, само накратко ќе кажам.

Имам една пресуда од Врховен суд во која ке прочитам само 3-4 збора за да се види што е речено, кога се сака да се казни еден човек речено е дека во нашата земја а посебно во СРМ албанците немаат никакви права. Нивната положба е многу тешка. На друго место стои - албанските деца не се примаат во школите на органите за внатрешни работи и во ЈНА. Човекот е казнет за овие зборови.Сега вие навистина мислите дека оваа група на граѓани не треба да биде рамноправна со сите други граѓани на РМ. Многу е тешко да најдете пресуда каде ќе пишува дека албанците се ставени во затвор за самобитноста на македонскиот народ, бидјеќи секј човек се ангажира за самобитноста на својот народ, а ние во РМ имавме два народи, имаме и ден денес и тоа е многу тешко да се најде така. Процесот ќе биде многу полесен ако одиме на тоа сите политички и казнени дела да се третираат исто, како тие што се бореле за македонска нација односно за самобитноста на македонскиот народ. Секоја добронамерна идеја за демократија, за рамноправност и тогаш и сега е во интерес на РМ. Немаше да ја има Македонија да не се бореа сите за поголема демократија во оваа земја.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Ненад Ристовски.

Не е тука.

Има збор Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Пред да почнам со излагањето по Предлог законот, сакам да изреагирам на искажаното од оваа говорница. Немам обичај да зборувам за претходните говорници, меѓутоа, се кажа неуставна категорија дека во РМ, има два народи. А Македонија нема два народи. Во интерес на вистината онаква како што е во Уставот во Македонија има еден народ и делови од други народи. Мислам дека е коректно од оваа говорница да се зборува за уставни категории, инаку другото никаде не не води.

Што се однесува до законот, да кажам, ние кога зборувавме и за денационализацијата, како еден дел од минатото на Македонија, за која може би е тешко да се зборува, затоа што и оваа тема за која денес зборуваме, кажав една мисла кажано уште многу одамна од Марко Аурели, еден од најпаметните римски императори кој кажал - кога ќе се судрат минатото и сегашноста најчесто губи иднината.

За жал многу тешко е, во било кој момент човек, група и институциите да се занимаваат со минатото, бидејќи најдобрата варијанта за сите појави кои се случуваат е добра реакција во актуелниот момент за таа ситуација. Инаку, нешто што припаѓа на минатото многу тешко се корегира и му се дава вистинска боја, заради многу многу причини. Токму тоа и мудроста на ова размислување. И јас потполно се согласувам со ова, тежината да се зтборува за минатото е надвисната над оваа дискусијата Меѓутоа немаме право како луѓе, како свесни граѓани да немаме почит, кон она што ви се случува во минатото, немаме право да не ги преоценуваме, анализираме минатото и тоа минато да ни биде поука за сегашност и иднината. На тоа немаме право бидејќи сме доволно свесни и сакаме да градиме нешто во нашата држава, а тоа го прават впрочем и во сите други држави. Она за што се зборува и што е предмет на овој закон, тоа е она што се случувало во минатото, најчесто за четирите букви ВМРО. Меѓутоа, мора да се каже дека сепак зад оваа група на репресирани, веќе слободно може да се каже, и малтретирани и политички прогонувани и осудени и затворани лица, се наоѓаат групи кои се именувани како ВМРО и ИБ, како Ванчо Михајловисти и сето тоа се различни политички опции, квалификации, и погрдни дури политички опции кои се дел од тогашниот систем, од тогашното минато. Меѓутоа, за сите тие политички опции кои се лепеза, верувам на политички опции, од

лева до десна идеја а за која главната идеја е патриотизмот и желба за самостојност и за своја држава, сепак стои една изгубена младост и многу изгубени животи. Жртва на овие политички разлики во однос на системот кој газел во тао време сепак била младоста на тие луѓе, само заради тоа што политички различно размислувале од актуелниот систем, само заради тоа што имале идеи како на друг начин да го преуредат светот, како што овде ние седиме 120 и имаме низа различни идеи, како што Македонија има плурализам во кој има многу различни идеи. Тоа е единствената нивна вина заради која се осудувани. Меѓутоа, за тао има и факти. Кои се фактите? Фактите се тешки по физички малтретирања во затворените посебно во Идризово за кои има сведоци и денес, познатите карцери во кои се затварани, тоа се мали дупки, мешањето на калта за циглите како филмовите од Мојсие. Тоа се факти, што ќе се случувало во РМ и ние сепак како современици имаме доволно историска дистанца за на оваа појава да погледнеме со една осуда за она што се случувало во тоа време.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Факт се мачењата, факт се живите сведоци и тука не може да се избега. Факт се убиените луѓе во масовните гробници без пресуда, како што е во Лешница. Задачата од оваа говорница да се зборува за сето тоа е одговорност, можеби кон иднината, повеќе да не се случува тоа, повеќе никогаш да не му се случи на ниеден човек, не само македонец, туку на ниеден граѓанин да не му се случи во околината, па можеби и во светот, заради своите политички убедувања кои ги манифестира на политички начин, со политички средства без насилства да страда, згора на тоа да страдаат и невини членови на неговата фамилија, па дури најчесто и неговите наследници, децата, кои воопшто не се виновни за она што го правеле тие во својот живот и заради тоа што така размислувале.

Се додека има релаксација на полиитчките тензии и плурализам во Република Македонија, плурална атмосфера, на овие појави треба максимално критижки да се осврнеме и сите такви наши анализи да бидат насочени кон тоа, пак да кажам, да Не Се повторат овие мрачни моменти и судбини кои се случија на овие простори и на македонскиот народ. политичката широчина со која ќе пријдеме ќе зависи од нас, а со таа политичка ширина ќе можеме да ги сместиме сите луѓе ако ја имаме, бидејќи ако ги ставаме во нашата дневно - политичка борба, во нашата идеа дека треба на 15 септември на нивната мака некој да собере поени или ако ги ставиме во актуелно дневно - политички настани и политичките опции кои постојат во Република Македонија, навистина со тоа веќе на стартот Ќе ја деградираме нивната голема борба и голема жртва што ја направиле заради своите политички убедувања.

Сум разговарал со многу од тие луѓе и знам дека тие се со различни политички убедувања, од леви до десни, многу често, скоро и да нема комунисти со комунистички убедувања кај нив, меѓутоа, заедничко за нив е една нишка - најголем број од нив се бореле за самостојна Македонија, за самобитност на македонската држава и тоа е нешто што денес е извојувано благодарение на процесите кои се одвиваа и благодарение на оваа генерација македонци, меѓутоа, она на што обрнуваме внимание е следното.

Дали извлековме доволно болки од тоа што се служило тогаш, дали добивме доволно политичка широчина, дали добивме доволно политички плурализам и дали добивме доволно политичка култура за да можеме да ги проценуваме овие случки. Јас сметам дека не добивме, а ќе кажам зошто сметам така.

Како инаку да го протолкувам денешните политички случувања меѓу нас, политичките нетрпеливости меѓу нас, денешниот синдром на самоуништување меѓу нас еднаков на тогашниот и денешните случки што ќе се случуваат на наследниците на овие луѓе.

Потекнувам од фамилија, во која како што кажав еднаш на говорницата 15 години лежеле во затвор за самостојноста на македонската држава и за идеите на ВМРО, па ми се јавија некои од блиските роднини од мојата фамилија и ме критикуваа дека тоа било над 25 години, а да не зборувам за досиејата кои ги имаме. Денес во време на владеење на една партија, која исто така ги употребува тие 4 букви ВМРО, сум политички репресиран, половина од фамилијата ми е избркана од работа, моите деца поминаа низ траума како што беше политички линч, каменување и притисок. Која е поуката што треба сега да ја извлечеме, да кажеме дека ние сме сега политички мудри, политички имаме

широчина, за да кажеме дека тоа било исклучив процес, процес во кој имало репресија, мачење, политичка исклучивост, меѓутоа, ние сега сме една релаксирана, свесна, паметна политичка групација од 120 политичари, па еве така не би постоела во тоа време, кога ние ден денес постапуваме во одредени случаи така. Да Не зборувам дека мојот телефон беше прислушкувам од Големото уво", како што имало Толемо уво" 1948 година и тоа е еден од методите на Сталин. Како да го протолкувам тоа? И тоа пософистицирано. Постарите генерации кажуваат, после војната, кога се отворале прозорците во вечерно време, луѓето влегувале во дворот и стоеле под прозорците за да прислушуваат што зборуваат оние кои се политички противници и ги сметаат за политички противници на системот и политички неподобни. Сега има пософистицирани средства и методи, знаеме што се зборуваше аферата за прислушување. Се случи слична политичка репресија, еднаква на репресијата која Се случуваше тогаш. Сега многу е лесно од оваа говорница да се исфрлаат политички пароли пред изборите, а од тие пароли, тие случувања и од тие човечки трагедии, од тие загубени животи, загубена младост, да не се извлечат поуки од политичките неистомисленици. Ако таа лекција што Денес сакаме да му ја предочиме на македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија и да им кажеме, одредена група на луѓе заради тоа што сакале да имаат самостојна Македонија, заради тоа што не се согласувале со системот на едноумието, со комунистичкиот режим, страдале и биле мачени, ние треба да имаме политичка зрелост, политички да сме на ниво во кое нема да го повторуваме истото и истото да го правиме. Дали може да се каже дека Македонија во денешен момент не е политизирана, дали вработувањата во Република Македонија одат без политички примеси. Дали запишувањето на факултетите оди без политички примеси, дали патлиџаните се откупуваат без политички примеси. Дали репресиите одат без политички примеси. Јас нема да одговорам на овие прашања бидејќи се толку јасни денес во Македонија и јас не знам што да кажам. Еве, можеби, ако сака некој да се реваншира и да ја задоволи сета оваа политичка каша на Балканот, можеби требаше да усмери некои од тие лоши моменти кон, условно да кажам, левицата. Меѓутоа, ние не сме зрели и оние што условни се десница и ги носат четирите букви на ВМРО, бидејќи зборуваме со најригорозни методи на најдолен вид политички реваншизам. И ден денес сум издвоен од мојата професија, доктор сум по професија која нема врска со политиката, заради мојата политичка разлика која ја имам со владеачката партија. И каде се туак поуките? Како да верувам во овој закон денес што го носиме и за кој јас ќе гласам го поддржувам, бидејќи барем нешто ќе исчекориме во тој поглед, кога се сеќавам многу поодамна постарите генерации кажуваат дека одредени луѓе кои лежеле во затвор и кои се блиски до нас, во мојата фамилија одговарале и се политички изолирани во државата. Како што одеше времето, во последните години од владеењето на СФРЈ, дојде до нивелација на тие разлики. Во едната партија барем немаше толку политички репресии врз разномислениците, Тие беа во една политичка паритја и оние политички што можеа да амортизираат можеа да бидат понемалтретирани од системот. Сега едноставно едни на други не си даваме шанса да се третираме едни со други, ако имаме различни политички мислења едни од други. Каде е тука нашата политичка зрелост и како јас да погледам во очи на оние кои лежеле во затвор 1948 година, заедно со Ченто, од мојата фамилија, да им погледам во очи и да им објаснам еве денес нашата генерација која влезе во 21-ви век позрело размислува за овие прашања и различно се однесува кон овие прашања. Тоа не можам да го кажам, бидејќи не се однесува така, бидејќи се врши реваншизам и репресија од најголем вид. Што се виновни децата од денешницата кои се малтретираат на политичка основа, кои страдале на ист начин како што страдале и децата на овие што биле во затвор. Што се виновни луѓето кои се роднини со некој што овде во Парламентот зборува нешто што не му се допаѓа на некрј што е на власт. Ако сакаме овие процеси да ги надминеме од 1948 година, треба да се надминеме самите себе, а за да се надминеме самите себе треба ваквото политичко однесување да не го има во Македонија и политичките поединци кои се служат со малтретирање на деца, на семејства, политичките примитивци кои ден денес ги наградуваат организаторите на толпа и не ги фаќаат организаторите на толпа заради политички линч кој се случуваше овие години во Република Македонија, треба заедно со ова минато

кое го разгледуваме, и тие да одат во минатото. Политичкиот реваншизам, омразата, нетрпеливоста, неводи никаде. Тоа е добронамерна порака кон сите партии од оваа говорница, која сакам јас како пратеник да ја порачам, меѓутоа, сметам дека е многу поблагородна од сите други идеи кои малтретираат други, исклучуваат други, и кои мразат други. Посебно тоа јас го доживеав, а го имам доживеано и оној прогон од овој закон што денес е на дневен ред. И сега, предлагачите кои беа толку грлати овде при предлагањето треба да ми го објаснат ова: зошто на некои повторно им се повторува тоа од некои на кои не им се повторувало никогаш и кои толку лесно го градат. Инаку, што да кажам еве за изјавата на Флоровски, луѓето од СДСМ се изживуваа, со изживување што направија тогаш и тогаш. Луѓе, изживување имаше до скоро и има денес во Република Македонија. Или ние ќе бидеме големи како луѓе, ќе направиме дистинција меѓу изживувањето кое било тогаш и ќе научиме од него, ќе го оставиме во историјата зад себе и нема да биде судбина на никој од нас денес или ако го правиме левите на десните, десните на левите кои можеби се еднакви, никогаш нема да ја постигнеме целта на ваквите закони, бидејќи тие закони не поминале низ училиштето на историјата кое е најважно училиште и кое може да не научи како не треба да се прави. Меѓутоа, ако го правиме тоа во денешно време, тоа е друго.

Јас ќе ви кажам и други факти. Не само што сум за ваков закон, јас бев силен поддржувач и на законот што го донесовме за семејствата и безбедносните сили односно нивно обештетување. Еве, отворено ќе ви кажам, и ден денес ми се јавуваат ветераните - јас сите така ги нарекувам и сметам дека во Македонија конечно треба да се воведе терминот воени ветерани за сите кои учествувале во некои војни, бидејќи има повеќе војни и повеќе страдање, за сите треба да се воведе терминот воени ветерани, кој мислам е најсоодветен и најмногу се приближува до сите европски и други термини. Што ке кажеме за ветераните од оваа војна, дали успеавме нив да ги обештетиме, а да не зборувам за ветераните од војните во СФРЈ кои служејќи на Република Македонија беа испратени како послушни граѓани, почитувајќи ги законите на оваа држава, на фронтовите ширум Југославија и денес им се кажува во Министерството за труд и социјална политика дека за нив нема средства да се обештетат и дека ќе нема средства. Јас тоа отворено го поставувам како прашање и до овие кои предлагаат да се обештетат овие лица, и до оние компетентни кои мора да ги обештетат сите оние кои се влезени во еден собраниски закон кој го бара тоа. Не смее да има селективност, постапност во законите кои ги донесуваме. Значи, денес ако сме навистина искрени во тоа дека сакаме да ги обештетиме и ако некој колега пратеник дал амандман со кој бара да ги обештетуваме и материјално тие луѓе, каде се позитивните примери во секојдневницата. Јас ви кажав, ние не можеме сеуште да ги обештетиме онака како што треба оние од војната во Македонија, не сме ни стигнале да почнеме да ги обештетуваме од војните на СФРЈ, еве, над дневен ред доаѓаат овие обештетувања. Очигледно Владата има многу поголеми приоритети, како што се: борбата за власт, што ја видовме во ребалансот на буџетот и службени Текови, отколку ваквите грижи за граѓаните на Македонија кои го дале и животот за одбрана на Република Македонија или останале инвалиди и на тој начин дале свој придонес во борбата за зачувувањето на Уставот на Република Македонија и уставно правниот поредок.

За мене најголемата доблест на законот е што можеби се кореспондира со една историска неправда и можеби ќе биде една мала сатисфакција за оние кои настрадале, иако многу од нив не се ни живи, што е една од најголемите трагедии на овој закон, што доаѓа доцна. Меѓутоа, политичка слабост можеби е тоа што се работи за широка хетерогена група на луѓе кои имале различни политички убедувања, различни идеи, меѓутоа, сите биле патриоти и застанале зад идејата на ВМРО која е длабоко семакедонска идеа, идеата е за самостојна Македонија која е дамнешен стремеж на сите генерации македонци. Од таа причини, не можам да прифатам една партија, само заради тоа што моментално има голем број на пратеници и што моментално е на власт да ги присвојува политичките идеи на тие луѓе и да ја присвојува таа борба како своја. Таа борба припаѓа на сите граѓани на Република Македонија и длабоко верувам во себе дека тие луѓе кога биле во затворите, кога биле измачувани и кога страдале, со себе ја носеле иднината на Македонија, подобрата иднина на

Македонија, ниедна политичка партија во овој случај. Затоа, можеби треба да размислуваме и за тоа, бидејќи доаѓам од партија која ги носи четирите свети букви ВМРО и која длабоко ги почитува, нешто што верувам дека го направиле сите партии кои го носат тој предзнак, иако тврдам дека некои од партиите дебело ги засрамија четирите букви овие години, сметам дека оваа група граѓани не смее да се користи во политички маркетинг ниту пак да се присвојува. Сметам дека околу нив треба да има политички консензус и да ги издигнеме на ниво на надпартиски заслужни граѓани кои ги почитуваат сите македонци. Се друго е лоша услуга за нив, а евтин за политички маркетинг за некоја од партиите која ќе се обиде да го прави тоа.

Затоа, ВМРО - Македонска со полн пиетет кон овие луѓе ќе го поддржува овој закон и се надеваме дека со сегашноста не создаваме некои ситуации и нема да создаваме, во кои ќе треба некоја идна генерација повторно да рехабилитираме, некои ситуации и нема да создаваме состојби во кои ќе треба некоја идна генерација повторно да рехабилитира некои политички активисти од одредена партија.

Морам да кажам дека најголемата слабост е што ова доаѓа многу доцна во Република Македонија. Доцниме зад сите други посткомунистички земја, а и зад албанските земји со донесувањето на законите од оваа сфера со вистинско погледнување на историјата од овој аспект. Меѓутоа, дали требаше прво да го донесеме Законот за амнестија на терористи и луѓе кои се обидоа да го срушат уставниот поредок ...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Златко Стојменов, не е тој закон на дневен ред, зборувајте за точката од дневен ред.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Добро, го спомнувам во контекст на овој закон, за редоследот на закони кои ги донесуваме. Зборувам за закон донесен од овој Парламент пред овој закон. Дали требаше прво да гласаат одредени пратеници со четирите букви напред за Законот за амнестија, па за овој закон, тоа е прашање за кое остава тие самите да размислат. ВМРО - Македонска тоа не го направила. Од сето ова што го кажав, не сум убеден дека ја научивме политичката лекција од минатото, не сум убеден дека ја добивме политичката ширина која требаше да ја добиеме од сите овие минати случки на сите други кои им се случуваа.

Убеден сум и понатаму дека во последната изборна година ќе се сеќаваме на многу ситуации од минатото, меѓутоа, многу прави моменти ќе ги промашуваме како политичари. Ова е уште еден закон на кој го покажуваме тоа, меѓутоа, никогаш не е доцна за еден благороден закон.

Ќе се осврнам на материјалот кој беше за обештетување. За мене, при донесување на ваков закон, важно е да се донесе овој закон од морално етички аспект. Тоа е важниот момент кој ќе ја анулира претходно направената историска неправда.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Материјалниот дел е во прашање дали ќе може нешто да направи, меѓутоа еве во амандманската расправа ќе зборуваме и не сакам да навлегувам во расправата по текстот.

Покрај сите овие моменти на двоумење апсолутно ќе гласам за овој закон, ќе го поддржам , сметам дека доаѓа брзоплето, дека доаѓа во последен момент на два месеци пред изборите, требаше барем партиите во 1998 год, кои во своите предизборни активности вкучуваа многу од таквите луѓе со ветување дека ќе се грижат за нивната иднина и за нивниот проблем порано да ги постават овие проблеми на маса , меѓутоа, за една ваква голема историска неправда и ова не е доцна.

Јас се надевам на крајот дека оваа историска ситуација ќе ја погледнеме пак на политички и наднационално и таа нема да биде предмет на нови раздори и делби меѓу македонците.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Златско Стојменов.

За збор се пријавил г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Дами и г-да пратеници мислам дека во контекстот на времето во кое се појави оваа иницијатива од страна на Владата за закон кој во некоја смисла ќе ја задоволи историската неправда спрема многумина луѓе кои од едноумието беа тие што навистина ги создаваа темелите на една демократска заедница како што е РМ , сакав да го поздравам и да кажам дека тоа е чекор и момент кога ни требаат активности во правец на создавање на меѓусебна доверба

која се совпаѓа со Анексот Ц) од Рамковниот договор каде мерките за меѓусебна доверба се сметаат за едни кои се многу битни во моментот за РМ и веројатно се стремат да создадат поповолна клима на реализација на целокупниот Охридски договор како правен и политички акт, а од друга страна да им создаваат клима и морал за едно поинакво заедништво, за едно чувство на заеднички морал за создавање на идни структури на државата. Но, за жал, јас морам да кажам дека сум во некоја смисла резервиран, изгледа дека не успеавме да излеземе од тој ментален склоп кој е создаден подолго години и за чудо на кој се повикува и самото донесување на законот. Се плашам дека со таквиот предлог, со таквите параграфи на овој закон нема да успееме и ако вака се усвои и прифати нема да успееме да направиме еден похрабар чекор кон создавање на т.н. мерки на доверба многу потребни во актуелниот момент за РМ.

Ова го поткрепувам со фактот не само со еден или два туку повеќе од нив беа искажани, не сакам да ги повторувам тие што беа искажани, туку мислам дека е доволно да се кажат некои други затоа што доволно ги има.

Имено, очигледно се сака ефектот на самиот закон, јас сакам да му верувам и на предлагачот и на неколкуте пратеници кои од аспект на своето персонално искуство и од искуствата на своите фамилии, од искуствата на комшиите веројатно, почувствувале потреба државата еден ден на некој начин им се оддолжи со едно извинување или со еден акт било финансиски со финансиско обештетување за маките и проблемите кои им биле нанесени на овие луѓе во текот на овие 50 години.

Но, веднаш во дилема дали тоа може така да биде само земени во предвид маките и проблемите на сите тие заложби кои дошле во судир со едноумието во тоа време можат да бидат категорија само на една национална заедница. Дали мислиме дека така создаваме поволен амбиент и клима за да се задоволи правдата како универзална категорија која во никој случај не можеме да ја ставиме како категорија која припаѓа само на една националност. Правото , дами и г-да е универзално и тоа не смее да се стави во контекс само на една национална заедница.

Друг проблем и начинот на кој се предлага, а еден мој колега многу експлицитно укажа дека законот се предлага дами и г-да од Министерството за финансии. Дали сите мислите дека е најсоодветен начин да се задоволи правдата, па било матиријално-финансиско обештетување. Јас мислам дека не, поготово не во овој момент затоа што Министерството за финансии неможе да задоволува правда ако не сака да купува правда. Дали пред овие избори не е на продажба и моралот врз кој се базира таквата аргументација, многу пратеници слушнав тука, дали пред изборите е г-да се на продажба? Мислам дека не. Имено, се работи за нешто за кое сите би се согласиле дека овој политички и морален аспект на димензиајта на овој сегмент со кој сакаме да го уредуваме не влегува во финансиското задоволување, тоа е нешто повеќе. Ако некој ова го прифаќа , јас незнам какво ќе биде задоволството на тие што врз база на една одлука на македонскиот трезор, парите создадени од нив ќе се задоволат само со тоа што ќе земат некој денар, некоја стипендија, или незнам што е предвидено во самиот закон. Од потребата и од желбата по секоја цена да направиме клима за аргументи за победа на гласови во еден амбиент кој малку е различен од самиот вилает толку спомнуван во изминатите 10 години.

Затоа мислам дека би било подобро да се соберат мислења и предлогот да го содржи целокупниот контекст на самата суштина на законот и како таков да предложиме заеднички да биде во функција на создаваше на заеднички морал за сегашната и идна наша заедничка држава. Ако во тоа не се успее и ако со ова не се постигне тоа, верувајте дека не малку, туку ништо не сме направиле ако целиме дека е наше заедничко добро, а не само добро на едната страна. Мислам дека ова што го велам го базирам и врз меѓународната пракса. Јас незнам дека има земја која направила закон со кој ги обештетува или им се извинува на тие кои страдале од една идеолошка инфраструктура во тоа време или држава да биде национално или од етнички аспект поделена. Тоа го нема ниту во Романија, ниту во Унгарија, ниту во Чешка, ниту во Словачка, а секаде има такви закони. Мислам дека со ова уште повеќе се разобличува една цел која е спротегна на целите на суштината на самиот закон и се плашам дека ќе не натера да одиме уште подалеку и да се запрашаме за моралот на предлагачот од аспект на процесот на времето и на жртвите што се создадени на база на тоа едноумије. Мислам дека кај секој човек, кај секој интелектуалец има минимум чувства да се прифатат овие аргументи како такви и добро да се размисли пред да се направат такви

предлози кои се во спротивност и со меѓународ ната практгика, а повеќе во самиот морал врз кој се базира аргументацијата за еден таков закон.

Зошто го велам тоа? Една практична работа дали има само македонци тие што страдале поради едноумието? Некој тогаш ги викаа врховист; некои ВМРО-исти, тоа е во ред, но мислам од друга страна со одредени активности и те како беше доведен во неможност тој систем да ги апсорбира сите човечки ресурси и сите потреби на заедниците врз база на кои се создаваше конфликтот во комунизмот и транзициониот период. Тие во едно време се викаа луѓе кои се против реформата, во друго време беа луѓе кои беа информбироисти, во трето време за нас беа луѓе националисти, а во 1986 година, особено албанците, во 1981 гсдина беа сепаратисти, за некои уште се иредентисти, па терористи, било како сака некој да ги именува. Во суштина тоа било начин на изразување на конфликтите кои комунизмот мислеше дека ги има решено, но луѓето реагираа на начин на кој мислеа дека е поадекватно во моментов.

Замислете дами и господа какви решенија имало да пресудите тогаш, што вие неприфаќате да бидат дел од овој закон или мислите да има друг од Министерството за правда. Во решението од судот се вели осуден на толку месеци или денови затвор затоа што во една кафеана рекол дека на Косово имаше демонстрации за да се поскапи шеќерот. Има таква пресуд Поскапе шеќерот на Косово затоа н астрадаа албанците во 1981 година.

Има друг случај кога еден рекол дека во Албанија лебот бил многу вкусен, затоа треба тој да се избрка од работа, треба да биде шест месеци во затвор или една година. Овде имам петиција само од Струг од повеќе од 5 0 интелектуалци, професори, лекари, инжењери, економисти, вработени, а беа принудени да продаваат компири за да обезбедат живот за своите деца само заради таквите глупости, или не подигнале прсти на партиска конференција, да се исклучи братот или сестрата од работа, а и од партија.

Мислите дека спрема овие луѓе немаме никаква обврска дами и господа? Кој е моралот што сакаме да го продаваме и да го создаваме. Мислам дека нештата задираат во сегменти и во димензија која не е лесно да се анализира од еден приод кој од аспект на Министерството за финансии ќе задоволува некои финансиски нешта, па ќе види дека со тоа се се решило. Не господа, тао е малку подлабоко, малку поболно, но има лек. Моралот на народот и моралот на секој граѓанин се гради и врз барање на извинување, главната компонента на моралот на еден народ е признавање и на грешка на монизмот, но и извинување. Секој има можност да се извини и да воспоставиме заеднички норми и заеднички морал за заедничка иднина.

Затоа господа мислам дека би било подобро, повикувам да се прифати да се одложи донесувањето на овој закон и на овој начин како што е сега направен или да се прифатат амандманите со кои ќе биде овозможено преку Комисијата која е создадена, да не биде само од Министерството за финансии, мислам дека тоа не е во ред, каде што во анализите или во согледувањето на аргументите на таа комисија не ќе бидат зафатени само луге кои страдале од една етничка заедница. Инаку, ќе направиме една голема грешка која ќе треба да ја поправиме, не може така лесно да се помине преку таа работа.

Зошто го велам ова? Реков и понапред во цела Источна Европа, каде настанале овие дејанија,,база за едно такво обештетување или побарување извинување од страна на граѓаните се базирала на идеолошка база, а не врз етничка база дури ни идеолошка база од етнички аспект. Никаде не е направено така. Доаѓаме во судир со самите аргументи и со сами себе. Тука често се повикуваме од оваа говорница дека базите на македонската држава се создадени во АСНОМ, што е точно, иако било едно умие, иако бил комунизам ние го чувствуваме како дел како и вие од историјата на оваа земја, каде државата направила тоа што направила. Гледано од албански аспект има утеха затоа што тие сепак велат дека ни е судено под влијание на македонците во македонските судови во тоа време каде под име на национализам, сепаратизам ни е судено од македонците како албанци.Која ќе биде утехата или како ќе се разберете вие меѓу вас кога ќе ви кажат дека во македонската држава создадена од АСНОМ македонците ги осудувале македонците. Каде води оваа работа? Мислам дека самите доаѓате во конфликтни ситуации кога не можете да ги објасните феномените, минимално што треба да се направи сега е да се прифати идеолошка база за поделба и критериуми за луѓето кои ќе бидат, во оваа петиција на албанските интелектуалци од Струга има нешто возвишено, никој не бара пари, никој не бара обештетување, туку се сака тоа време поминат неправедно во затвори,

шетајќи по улици да им се признае во стажот и да се чувствуваат дека оваа демократија и за нив донесе нешто. Може би некој е на возраст од 60-65 години некој можеби не е ни жив, но наша должност е како политичко тело, законодавно тело на некој начин спрема сите да бидеме исти и да создаваме, уште еднаш ќе повторам, да не ја одбегнеме можноста да создадеме една морална база за заедничка држава, а тоа мора да бидат елементи и компоненти на заеднички морал. А заедничкиот морал верувајте, бидете уверени дека не се гради со ваков закон.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Положани.

За реплика се јави г-динот Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Видете, јас пред се процедурално,

За волја на вистината за да не се поткраднуваат грешки поради не читање на законот сакам да потенцирам дека во член 4 пишува, став 2, "поблиски критериуми за утврдување на својството на прогонувано лице од член 2 на овој закон и документацијата потребна за остварување е правата од овој закон ги пропишува министерот за финансии, во согласност со министерот за труд и социјална политика и министерот за внатрешни работи".

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Така да сите тврдења дека министерот за финансии од каде е тој да ги одлучува овие работи, паѓаат во вода, со самото почитување на законот. Тоа е прво.

Второ, да знаат сите колеги дека овој закон е за правата на лицата и уставноста ја црпи од членот 36, а не е во прашање распродажба на моралот, затоа што имаме ние од Сто и седмата седница закон, односно Предлог за донесување на закон за поништување на актите и правните последици од неоснованите монтирани политички, идеолошки осуди на лица затварани, прогонувани и осудени за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Значи имаме чисто политички закон. Така што, ги молам колегите пратеници да не ги мешаат овие работи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Александар Талевски.

За збор се јави господинот Азис Положани, кој се јавува за реплика.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Ние знаеме точно за што се работи и токму затоа реагираме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Азис Положани.

За збор се јавува господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Како што доаѓаме при крајот на овој состав на Собранието, мислам дека некој намерно или ненамерно сака да ја вжештува атмосферата во Собранието и имајќи предвид дека е изборна година, сакаме да направиме маркетинг на национална база иако декларативно гледаме дека се залагаме за нешто друго. Како граѓани на Република Македонија, кај политичките партии зборувам за сериозни политички партии кои мислат и сносат одговорност за се што се случува во Република Македонија.

Ако ги имаме предвид сите несериозни изјави и несериозни политички партии, кои можат да ја доведат Македонија во оваа состојба, како што ја доведовме досега, тогаш можеме да кажеме на ова Собрание се и сешто и секој има аргументи за и контра и секој ќе остане на сво-јата страна и никој нема да може да најде решение, кое би било заедничко прифатливо за сите нас. Ако тука се поделиме на заедници и носиме посебни закони за македонците во Република Македонија и посебни закони за албанците во Република Македонија, тогаш се знае каде не доведува крајот.

Мене ми се чини дека тука има јасни тенденции на некои политички партии, поточно на предлагачот на политичката партија на која и припаѓа министерството и министерот на тој ресор, дека сака да ги преноси и понатаму идеите на Академијата на науките за поделба на Македонија.

Второ, јас мислам дека со овој закон нема да одиме да ја гледаме иднината на Република Македонија, туку уште ќе се занимаваме со историјата и со тоа што е поминато и нема да се осврнеме на нова страница, каде ќе ја изградиме оваа држава, како држава на сите заедници, рамноправни во сите сфери на животот, за да ја градиме така како што ја посакуваме. Меѓутоа, јас имам и други забелешки.

Како прво, незнам како дојде овој материјал да излезе од Министерството

за финансии, кога ние сите многу добро знаеме дека со овие работи се занимаваат други ресори, го имаме Министерството за труд и социјална политика, па Министерството за правда и незнам како дошло до тоа овој закон да го претстават претставници од Министерстовот за финансии. Меѓутоа, очигледно се гледа дека тука има лоша намера за да се до целта, со што е направено сценарио однапред да дојде до тоа што е нивно залагање, од почетокот па до денеска.

Јас мислам дека овој закон не треба да помине на ова Собрание, бидејќи овој закон ги дели граѓаните на Република Македонија на етничка основа, со тоа што едните ги стаза во граѓани од прв ред, а другите ги става од втор ред како дискриминирани граѓани. Значи, пола Македонија и припаѓа само на еден народ, а сите граѓани на Република Македонија, кои живеат во оваа држава, кои после Рамковниот договор се смета дека се рамноправни и само на заедничка основа може да се гради оваа држава, се остава повторно да бидат граѓани од втор ред, што не е прифатливо и нема да го прифатиме ова. Ова јасно и гласно го кажувам од оваа говорница. Знаете дека ние долго време ја прикажавме Македонија како оаза на мирот, во Македонија каде што има релаксира-ни меѓуетнички односи, релаксирани но само декларативно од страна на партиите кои учествуваа во власта од 19 98 година, меѓутоа тоа не беше така во Република Македонија дека не може да се измени нешто ако не се донесат позитивни законски промени, или изменуваш нешто што е во интерес на сите граѓани на Република Македонија. И кога ни се случи тоа што ни се случи кризата во Република Македонија во 2001 година, сите се зачудивме, поточно меѓународниот фактор кој беше манипулиран од страна на партиите кои беа носители на власта од 1998 година до кризата во Република Македонија, како може од оаза на мирот да стане ова што стана во Република Македонија. Затоа ние како ПДП секогаш бевме во право кога кажувавме дека во Македонија не се состојбите така како што се прикажуваат од поедини политички партии дека ништо не е изменето во корист на граѓаните за сите заедници кои живеат во Република Македонија, за да имаме мир во Република Македонија.

Затоа ве молам јас ова сето го кажав за да не продолжуваме повеќе со старото и да дојдеме до тоа што едниот ќе биде задоволен, а другиот нема да биде задоволен. Ако сме се изјасниле, а со Рамковниот договор, барем најголемите политички партии во Република Македонија, двете македонски политички партии, двете албански политкчки партии се согласија, за да го зачуваме интегритетот на Република Македонија, со сите права на сите кои живеат во Република Македонија од сите сфери на животот, од политичкиот, економскиот, образовниот и тн., да не ги споменувам сите, сепак се гледаат јасни тенденции, каде ги водат некои политички партии работите понатаму.

Јас мисам дека овој закон за донесување на правата на прогонетите и затворените лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членовите на нивните семејства, овој закон за партијата за демократски просперитет е неприфатлив. Овој закон е неприфатлив и за сите други заедници во Република Македонија освен за македонската заедница. Со тоа што, не велам дека зад ова стои македонскиот народ, стојат македонски политички партии, кои го изгубиле компасот во ова предизборје и сега сакаат да усвојуваат гласови од страна на гласачите. Уште еднаш ги делиме граѓаните на национална основа. Ако си македонец, ќе ги уживаш сите права во Република Македонија, ако не си македонец не можеш да уживаш никакво право, иако си го дал животот за оваа Република Македонија.

Земајќи го предвид сето тоа што настанало од 1945 година во Република Македонија, имајќи предвид тоа што се пишува во законот од 1991 година вели за да ги рехабилитира сите тие кои поради политичка или идеолошка основа зарадио пројавените идеи и активности за создавање независна и обединета демократска држава Македонија, било интернирано, принудено на емиграција во странство, дискриминирано за остварувањето на правата на работа притворено со правосилна судска пресуда подолга од 30 дена, осудено на казна затвор и прогласено за воен богаташ.

Господа пратеници,

Од 1945 година тука се бореа во НОБ на Југославија за делот на Македонија тогаш. Тука се појавија и други спротивставени страни и сега можеме слободно да зборуваме случајно на страна останаа тие кои што им припаѓаат на идеите на ВМРО-ДПМНЕ. Од друга страна останаа и тие кои им припаѓаат на балистите. Сега, ајде да зборуваме за какви идеи беа тие луѓе кои беа подоцна прогонувани. Дали беа за ова

денеска што зборувате вие, за оваа Македонија, или беа за нешто друго. Да не почнеме сега да зборуваме, вие знаете многу добро што кажа Никола Карев на Собирот во Крушево. Понатаму, ако одиме да ги рехабилитираме треба за сите тоа да го правиме. Ако вие барате да бидат рехабилитирани сите тие луѓе кој беа прогонувани што беа за идеите на ВМРО, зошто јас да не барам да бидат сите во ист кош третирани, како што беа балистите во Република Македонија. Случајно беа тие на друга страна, како што беа идеите кои беа за ВМРО. Затоа, јас да ви кажам ако одиме понатаму сите тие што беа принудени да емигрираат во странство, сите знаеме тука во Република Македонија кој беше принуден да емигрира во Турција. Тоа беа албанците од Република Македонија, кои присилно беа принудени да ја напуштат сопствената земја, затоа што беа блокирани од сите страни, немаше ни работа за нив, немаше ниту образование за нив, немаше ниту нешто што беше елементарно за опстанок на нивниот живот. Денеска можеме да зборуваме за една бројка од пет милиони кои живеат во Турција. Кои беа повеќе прогонувани од албанците во Република Македонија и тоа образовни луге кои работеа во просвета, почнувајќи од наставници, професори и тн. Кој лежеше повеќе во затворите во Република Македонија. Сето тоа ќе го ставиме на страна и сега ќе ги рехабилитираме само оној дел на граѓаните на република Македонија, а тоа е македонскиот народ. А како би било во НОБ, албанците кои се бореа против фашизмот, да знаеја тие дека нивните деца по ослободувањето ќе бидат прогонувани, ќе бидат затворани, нема да ги имаат правата, како што имаат право македонците, дали тие ќе се бореа во НОБ на Југославија, поточно на Македонија. Меѓутоа, имајќи предвид тоа што беше декларирано, дека оваа Македонија ќе ја изградиме заедно, темелите на оваа Македонија не се поставени само од македонците на Република Македонија, туку тие се заеднички поставени од македонци, албанци, турци и другите кои живееле во Република Македонија. Сега, после низа години доаѓаат идеи, доаѓаат сили кои се на власт во Република Македонија и ќе ги дискриминираме сите други кои не се македонци во Република Македонија. Тоа го правевме господа 50 години по ред,и дојдовме до тоа што дојдовме до криза во Република Македонија. Сега сакаме да ги лечиме сите рани. Сите сакаме да дадеме придонес за да ја заборавиме историјата, да го заборавиме минатото, да почнеме сите конструктивно да и пристапиме на иднината заеднички да ја градиме, тоа е судбината на сите нас. Некои провокатори во Република Македонија сакаат уште понатаму да ја дестабилизираат и да останеме на ова ниво на кое сме денеска.

Јас мислам дека граѓаните на Република Македонија ова нема да го дозволат на изборите што ги имаме на праг. Од друга страна, јас би ги замолил, тоа е мојот апел, како пратекик ка ова Собрание, кој ги претставувам интересите на граѓаните на Република Македонија да се тргнеме од овие идеи и ако треба да придонесеме сите заедно, да донесеме закон кој ќе биде интерес на сите граѓани на Република Македонија. Дека ова денеска што се прави во ова Собрание, јас мислам дека нема да биде во корист на сите нас, спротивно од сето тоа што ние се залагаме Ние што се залагаме тука внатре во Македонија и целиот свет што се залага да ја стабилизираме и да имаме иднина во Република Македонија. Затоа јас мислам дека ова треба да се прифати и никако подруго нема да биде на арно за сите нас тука во државата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Абдулади Вејсели, за збор се јави господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги,

Кога би бил јас предлагач на овој закон, фала на Господ добро што не сум предлагач, навистина многу би се залагал. Ова е една голема срамота дека вака се размислува уште во институциите на државата и вака се преточува еден закон. Знам, се повикуваат на членот 36 од Уставот на Република Македонија меѓутоа, позитивна интерпретација на законот на членот 36, односно на Уставот, секогаш може да има. Јас би рекол веднаш дека овој закон треба да се повлече, затоа што создава атмосфера која има репрекусии и последици за иднината, ние зборуваме за минатото. Ако чувствувате како интелектуалци, како пратеници и одговорни луѓе дека за овој закон реагираат вака жестоко, реагираат сите пратеници албанци, веднаш да се размисли дека нешто не е во ред. Значи, нешто не е во ред и тоа нешто големо не е во ред. Не завршува тука работата само со тоа дека Партијата за демократски просперитет или другите партии на албанците, нема да го прифатат овој закон, нема да гласаат и завршува

работата. Секогаш кога сме размислувале вака за овие 10-12 години, секогаш сум укажувал дека немојте така да размислувате, затоа што последиците ќе ги имаме во иднина и се уверувте дека ги имавме. Затоа, мислам дека тука е направена голема грешка. За оваа работа треба институции, луѓе, експерти, историчари, луѓе кои знаат што е минато и треба да видат кој за што се борел и колку се борел за самобитноста на Република Македонија. Ние ако ја прифатиме тезата дека за самобитноста на Република Македонија се бореле само македон-ци, трсраш тоа е голема утка историска, а долготрајна. Навистина, не можеме да прифатиме вакви тези. Јас да ви кажам во слободни муабети сум ги прашал луѓето сега кои се веќе во години ВМР-овци и кои биле за идеите на ВМРО во затвор, секогаш кога го опишуваа нивното минато во тие затвори велат многу добро таму во затворите се согласувавме со албанците затвореници. Јас сега се прашувам зошто биле толку сложни во тие затвори заедно со тие албанци и тие кои се бореле за идеите на ВМРО. Сега предвидуваме рехабилитација, награди и се, за тие што се бореле за такви идеи, а овие другите? Значи ли дека албанците секогаш биле против тоа што значи самобитност на Македонија и поединечно и колективно и се. Ако вакви размислувања прифаќаме, ако вакви тези прифаќаме, навистина, дури и со закон да ги уредиме овие работи такви какви што не треба да бидат, јас навистина се прашувам што правиме. Дали сме на ниво на размислување за работи кои навистина неможат баш апсолутно да се прифатат. Гледам јас категории кои припаѓаат на тие активности за создавање на независна обединета демократска држава Македонија.

Прво, интернирано. Дајте ни аргументи дека биле интернирани само македонците, а не албанците, турците, власите, бошњаците и сите други. Принудено на емиграција во странство, дајте ми аргументи дека биле принудени за емиграција во странство само македонци, ако сакате еве и христијани. Не е така. Тоа значи дека имаме ние и масовни емиграции, ги спомна колегата Вејсели во годините на господинот Колишевски, како албанците и тоа со илјадници, илјадници емигрирале во Турција. Дискриминирани во однос на правта работа.Веројатно тука примери можат да се земат од албанците, а да се наградуваат македонците. Нема врска. Па ние сме луе кои имаме некои години.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**:(Продолжение)

И знаеме, немојте така. Ние сме сведоци и живи сведоци на некои ситуации. Претворено во правосилна судска одлука подолго од 30 дена. Јас незнам, тој што го изготвил законот, или работел на ова стручно, не политички, од таа статистика веројатно 90% имало имиња од албанци, а наградата на македонци. Осудуван на казна затвор и тука, прогласен е за воен богаташ, значи сите категории кои се спомнати апсолутно поголема е бројакта на албанците, апсолутно во сите овие категории. Сега се прашувам, веројатно министерот за финансии немал средства, па дај тие што се во помал број да им овозможиме да спаѓаат во тие категории за одржување на нивните фамилии и т.н. Бројката на албанците е толку голема и преголема, државата нема можност веројатно и да им надомести за тоа што треба да им надомести. Јас така ги гледам работите, не затоа што јас ги гледам, туку аргументите ни кажуваат. Ако правиме пресек на политички систем од социјалистичко, комунистичко, како сакате, преминуваме во еден демократски систем, тој пресек на таков политички систем, општествен, се прави не со криви линии, се прави пресек било до 1990 година тоа што било, а од 1990 година имаме нов политички систем, нов општествен политички систем и тука не можеме ние во тој пресек, а чекајте сега албанците тие што биле пред 1990 година тие остауваат и после 1990 година, само овие макеоднците можат да бидат сега демократи, можат да бидат за самобитноста затоа што во континуитет биле, а овие другите не. Дури е навредливо, верувајте ми дека е навредливо ова што се прави. Вербално да ти го каже некој, пак ајде некако ќе наведнеш глава, меѓутоа да ти го напише во закон, тоа е катастрофа.Дајте луѓе малку размислувајте. Се создаваат ситуации каде што, јас реков еднаш на говорница, секогаш некој е крив зошто ни се случуваат работи за кој рече некој од дискутантите дека , ако имаме сега демократско Собрание што ние сакаме еве да кажеме Парламент и сите грешки што ги правиме ние, за нашите грешки што ги правевме и ги правиме овие десет години ни гинат млади луѓе. И немојте, јас сум кажал, најголеми виновници што ни се случуваат конфликтни ситуации, војни, вината е тука. тука во овој Парламент, затоа што ние бираме и Влада и министри и други

институции. Неслучајно кажал еден паметен, ако не прават нешто добро за младите генерации нивните политичар и нивните професори, нивните наставници, ќе гинат тие, гинат за идеали, а најголеми кривци сме ние. А ние пак се извлекуваме со политички тези, фрази, дури кога се случуваат конфликтни ситуации, војни и се' , парламентарец, министер, се најдобро, ниту погина парламентарец, ниту погина министер, ниту погина некој од Влада, значи секогаш се извлекуваме. Веројатно и тогаш одредени политичари правеле вакви грешки како што и ние ги правиме и создаваме состојби да ни гинат младите и после ги делиме, еве како што сме сега во една ситуација апсурдна ситуација, последната година, последниот конфликт , ќе дојде време што да се рехабилитира и Ќе се најдеме во иста ситуација. Гинеле малди луѓе, а вината каде ја бараме сега? Тука. Вината е тука кај нас, затоа што веројатно нашиод сенс политички веројатно затоа што не Се сослушавме едно со други колку што треба, сме правеле грешки, Сега ги признавме грешките, но кога ги признавме и сами гласавме за нешто за што никогаш не сакавме да се сложиме. И доаѓаме до апсурди како што е апсурд еден ваков закон.Немојте, да не дозволуваме и понатаму. Јас со години сум во ова Собрание, знам со надгласување како се смееле мои колеги и можеби се потсмевале затоа што имаат мнозинство и ќе помине законот, пак ќе помине закон , и уште еден закон и уште еден закон и дојдовме до 2001 година. И со најдобра намера ви го велам ова колеги мои, барајте го ова и подржувајте ме во ова. Овој закон треба да се врати. Јас незнам, има ли претставник од Владата , веднаш да го повлече, затоа што еден ден пак ќе ги имаме тие последици, затоа што гледате какви се разликите, се разликуваме, премногу се разликуваме во оценката и во сите оценки во однос на овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Имаме претставник од Владата.

За збор се јави Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Веднаш ќе кажам дека по однос на оваа точка, односно во полн назив Предлог за донесување на закон за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на макеоднскиот народ и негова државност и на членовите на нивните семејства, како парламентарец и како член на партија ВМРО-Македонска ќе го подржиме во целост, иако гледам дека има и некои амандмани на истиот закон, мислам дека грото се разумни и нив ќе ги подржиме, бидјеки ваков закон сметам дека требаше да се донесе многу порано уште од почетокто на работата на ова Собрание. Ако е добар законот, а јас сметам дека е добар, никогаш не е доцна дури и сега пред затварањето на работата на Собранието евентуално оваа недела и сепак ваквиот закон кој што евидентно е како што е даден во Собраниска процедура ќе исправи некои неправди кои што беа нанесени на една група граѓани во минатото и тоа не така далечно минато, бидејки ден денеска има живи луѓе кои што биле прогонувани и кои што биле затварани и тие и нивните фамилии заради своето политичко убедување кои што биле репресирани заради тоа што имале човечко право на нечие друго мислење и делување. И се надевам дека со овој закон освен што ние како претставници на највисокиот дом во оваа држава да им пружиме едно извинување, иако ние лично можеби како личности не сме ги направиле овие работи, но сепак тоа го должиме на истите. Бидејки овој закон јас го знам уште од почетокот на неговата процедура за донесување, мора малку да се вратам во историјава, бидјеки уште пред месец ипол тој не беше во процедурата на Собранието, туку кај нас во пратеничката група на ВМРО-Македонска дојде претставникот, еден од луѓето за кои што се однесува овој закон и понуди ние да го дадеме во собраниска процедура. Јас уште тогаш на иститo му кажав дека ние безрезервно ќе го подржиме, но знаејки ја судбината на неколку законски проекти што ги предложи пратеничката група на ВМРО-Макеоднска кои што стојат во Собранието како што е за грбот и за уште некои закони кои што се многу блиски по суштината на овој закон, а кои поради тоа што се закони што се предложени од нашата партија воопшто иако се многу важни, мислам исто по овој закон за некои состојби во државата не дојдоа во собраниска процедура. Мој предлог беше истиот да го предложи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бидејки на тој начин ќе дојде во процедура. И добро е што се случи, тоа морам да го кажам и повторувам ние ќе гласаме по овој закон. Бидејки не може после исправање на една економска неправда што беше случена

после Втората светска војна кога на граѓани во оваа држава им беа одземени имотите и истите заради разни причини беа лишени со своите економски права и владеење на својот имот, ова Собрание да донесе одлука на кој што ќе им ги врати имотите што е исправна одлука, а за многу поголема неправда направена во периодот на еднопартиското владеење која е тешка душевна неправда која што можеби дел од оние директно засегнатите никогаш не ќе можат да го осетат влијанието на овој закон, но нивните фамилии секако, да не се изјасни ова Собрание. Бидејќи за овој закон не треба толку средства, за овој закон треба само добра волја. Мислам дека ако се донесе овој закон за што ние ќе гласаме како партија и се надеваме ќе има доволно мнозинство за да се изгласа како што е даден, или со дадените амандмани, можеби ќе почне во државата еден процес на макеоднско помирување, можеби со овој закон кога ние денеска ќе исправиме една историска неправда, кога ќе ги признаеме правата на луѓе кои што биле репресирани, затварани, убивани и други дејанија против нив заради тоа што мислеле поинаку од една тогаш владеачка гарнитура, можеби на некои во Собранието ќе им светне нешто дека истите работи не треба да се повторуваат.

Јас ќе се вратам малку на историјата, онаа народната, мислам стара изрека : Историјата е учител на животот , бидејќи ако не се повтори историјата, овие што денеска можат да владеат и кои што можат да го направат истото она што го правеа тие против кои што ние го донесуваме сега овој закон, евидентно ќе ги повторат истите работи што ги повторуваат.Ќе повторам некои јаки реченици кои што тука од говорница мислам беа повторени . Еве, на пример од г-динот Флоровски со што се согласувам дека тоа е еден период кој не треба да се повтори. Само би му порачал тој говор што за среќа цело време беше пренесуван преку макеоднската ТВ, не е точно дека немаше пренос, да го повтори на своите партиски војници, бидејќи во Макеоднија денеска пак имаме една ситуација која што можеби во иднина ќе биде причина да се донесе некој нов закон, пак имаме луѓе кои што евидентно трпат последици за својата политичка определба заради тоа што не мислат онака како што мисли некој што ја држи власта. Јас морам да кажам , бидејќи во Куманово сум локален координатор на партијата , овие два дена јас ги поминав во одење до директори на ДПМНЕ кои што овие денови истеруваат луѓе од работа и истите ми кажаа, и се нудам на колегиве што се тука и што гледаат малку со недоверба, дека морале да го исфрлат тој и тој човек од работа, внимавајте, човек кој има фамилија и кој си работи за свој живот, заради тоа што не е член на ДПМНЕ, или што е член на нашата партија. Така, мислам дека овој закон кој што во суштина е многу поволен и добар закон и се случи да биде една кулиса во предизборието за собирање на политички поени и за изразување на Некоја своја политичка платформа и најмалку се однесуваше за оние на кои што е наменет, за луѓето кои што од 1945 година , до пред стапување од 1990 година на плурализмот на политичката сцена трпеле во широк контекст на зборот заради тоа што имале погрешно политичко мислење, или погрешна опција од онаа која била владеачка опција во тоа време. И тогаш луѓето кои што Не биле со власта морале или да одат од работа, или да одат по затвори, или да одат на Гол Оток, или пак да им се зема нешто што е нивно исконски, само со цел да бидат преобратени и да Се испере мозокот во еден контекст, а тоа е во контекст на актуелната власт. Пак реков историјата е учителка на животот. Очигледно Некој ништо Не научил, бидејќи ги повторува истите работи, ништо Не научил бидјеки и понатаму една политичка опција која Не Велам Дека е лоша, но имаме право да мислиме поинаку, ги тероризира другите политички опции и ја користи државата до максимум *се* со цел да предизвика Нешто што се Вели самоопстанок на политичката сцена. И Сеуште Се користат истите Методи. Имам право да го кажам тоа, бидејки истите Методи ги осетивме на наш грб. Овие малку што беа "патриотски говорници ", бидејки на Македонија и е премногу од такви патриоти, јас би потсетил на Некои случувања што моментално Се случуваат и што Се случуваа во минатиот период. Да Се фрлаат Тези "заедно сме пojаки" да Се вика на макеоднско национално единство, да Се зборува за Некои работи од позиција на голем патриот, а во суштина да Се прави Се' спротивното, тоа е нешто што е болна состојба кај еден човек, значи во Себе да држи две личности, едната која што Се истакнува, а другата која што ги прави тие Дејанија. Лошо е што во оваа расправа Се вмешаа и некои луѓе кои што едноставно пробаа Некои термини да ги измешаат, така што сите да влезат во една група на луѓе кои што треба овој

Парламент да ги амнестира за она што го правеле, или за она што планираат да го прават.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ: (Продолжение)**

Неможев да ја сфатам тезата дека тероризмот е облик на политичка борба, што некој тука ни ја протури. Несакам да споменувам ни имиња, сите знаеме кој тоа го кажа, бидејќи секја држава која што планира да биде држава има рамки во кои има и средства за да ја брани својата држава. Тероризмот не е својствен на политиката, така да не можат луѓе кои што се бореле за политички средства и поради тоа можат да влезат во вакви категоризации, да се изедначат со луѓе кои што со изживување, со оружје и со други средства само под една фасада на политичка борба направија она што го направија. Сепак ова Собрание ги изедначи со сите нормални политичари. Донесе Закон за амнестија, за која што јас морам да кажам дека ние пак како пратеничка група на ВМРО-Македонска гласавме против и многу пред да го донесе овој закон. Ова Собрание им ги испра рацете на убијците на некои кои што се претставници од македонскиот народ, без разлика дали се македонци или претстасвници од другите националности во државата, многу пред да донесе ваков закон, иако овој закон, истиот човек одеше со денови по Собранието и бараше кој да биде подносител во истово Собрание.

Пред се, мора да реплицирам на претставниците на партиите од албанската националност во државата, кои што не можат и навистина е бозобразно од нивна страна, нема друг збор, да се ставаат под иста капа со луѓе кои што се бореле за оваа држава и да велат дека тие биле принудени на тоа, бидејќи немале довооно други демократски срдства. Ако тоа го прифатиме метод, тоа значи сите во иднина што не ќе можат да остварат политичко право по пат на собраниска процедурал, или по пат на другите собраниски процедури што се својствени на една парламентарна демократија, ќе можат, бидејќи тоа веќе е легитимна работа истото да го правата на овој начин, со терор, со убиства, со силувања, со ограбувања и со сето она што мислевме дека како цивилизациски го имавме зад нас, а факт е дека го немавме.

Тука се споменуваа луѓе кои што лежеле затвор и кои што се наоѓаат во пратеничките групи и на нив им одаваме респект бидејќи за ид4еа некој да лежи затвор, без разлика дали таа идеја некој ја прифаќа или не, сепак е нешто што мора да му се одаде респект, без разлика на која идеја припаѓа. Но, мора да ги прашаме истите демократи зошто не реагираат на она што се случува сега? Зошто не реагираат на тоталната партизација на државата? Зошто ние повторно ја учиме лекцијата од 1945 година? Зошто во предизборието кога се зборува за политички програми се зборува за затворање, апсење, истерување од држава, казнување, па дури и многу потешки зборови.

Се спомнува МПЦ. Од истие луѓе кои гласаа за исфрлање на истата од македонскиот устав. Да ве потсетам. Да останеше МПЦ во Уставот, кој што како набрзина некои патриоти го променија, ќе беше уставна категорија и немаше да и се случува она што сега ни се случува. Она што и се случУва сега е резултат на длабоко вмешаните прсти на владеачката партија онаму каде што не требаше, во духовниот живот на овој народ. Ако на пример делегира луѓе во врвот на МПЦ, не може да избега одговорност за она што го прават истите луѓе, како што не може некој од Владата да ја избегне одговорноста за некој министер што го прави истото. Така наместо да давате шанса на мирот со кршење на македонските институции, така беше овде споменасто, со она што се велеше Рамковен договор, каде што се она што беше една база, еден елемент на една држава, да се доведе под знак на прашање, наместо да се растурат сите институции, во стварноста, а тука декларативно да се зборува јас би сакал повеќе да има пракса, а многу помалку зборови кои што се празни и кои што овде ги изнесуваат луѓе кои што едно зборуваат, друго гласаат и трето прават. Многу интересно ќе биде после маса патриотски говори да се види кој како гласал по определено прашање.

Јас морам да кажам дека енкој многу убаво си го тера тој Рамковен договор, за кој што ние како партија македонска рековме дека е штетен за Македонија, и стоиме позади тоа, а гледам дека потписниците веќе велат дека не е така, само разликата е една. Нашата партија и овие пратнеици гласаа против тој договор. Некој гласаше за тој договор и пак вели беше штетен. Дали е тоа признавање на вината и што планираат после тоа признавање на вината кога рекоа дека тој договор маса потписници не ги задоволува некој, што планираат да

поднесат консеквентна одговорност. Така да, иако законот во суштина е закон кој што е потребен на државата, многу попотребно е од овој закон и од исправање на една историска неправда да не влеземе во други историски неправди. Да не продолжат делбите и некој тука да не се прави голем патриот дека баш тој е оној истиот, треба да биде носител и обештетениот, бидејќи, да се потсетиме во редовите на владеачката партија има малку луѓе кои што биле на другата страна и кој што ги казнувале истите овие луѓе за кои што ние носиме закон. А, има и луѓе кои што биле под удар на овој закон и што не се во истата и некој да не си поистоветува, да ги својати сите придобивки на борците за македонската кауза, бидејќи право на вистина имаат разни луѓе, а јас можам лично да кажам во истата најпатриотска партија маса луѓе сега се членови после изборите. И не можат тие да кажат дека овој закон е за ВМРО, бидејќи ВМРО ни припаѓа нас сите. Има луѓе тука што биле и на бугарска страна во владеачката партија, без име и не може на пример сега да се прави промоција на партија и дека некоја партија била репресирана. Беше репресиран македонскиот народ и дозволете да се исчистиме од идеолошките предрасуди кога се зборува за овој закон. Да прифатиме одредени делови од говорите на колегите и со ваков начина наразмислување овој закон да биде почеток на едно поинакво гледање на политичката пракса во државата.

Ќе прифатам ако сите што зборуваат за овој закон од денеска почнат да го применуваат истиот и во кампањата, ама да го применуваат и во животот. Да се изгласа овој закон, а да се продолжи со праксата која што некој ја вика комунистичка, некој ја вика фашистичка, некој ја вика со разни имиња, што не е ни битно како ќе ја вика, битно е како ќе ја спроведува бидејќи во теоријата овие друштвени уредувања се исти. Според некои на пример сталинизмот е полош од фашизам, според она што го направил врз луѓето кои биле под негово дејство. Така да, не би рекол дека е ова само против комунистичката власт, бидејќи старото правило дека полош од комунистите дефинитивно се само антикомунистите, бидејќи ако го промениш името, а ја направиш праксата полоша од онеи што ја спроведувале таа пракса, практично тоа значи дека некој некого критикувал само проади тоа што тој бил на власт, а не бил другиот. Ги видовме и едните и другите. Покажаа идентичен начин на практикување на власта. Работат и на разделување на македонскиот народ на две спротивставени политички опции, така да во оваа состојба начинот на кој што делуваат двете најголеми политички партии, мора да го кажам им оди само во прилог на оние кои што не се македонци, бидејќи за грото луѓе кои што се припадници на едната или другата партија најголен непријател е другата партија. Нема пторeба од непријател однадвор нема потреба и од некои други политички субјекти бидејќи ние се занимаваме со самите себеси, само за да се опстои на политичката сцена.

Тука ќе привршам, бидејќи полно работи беа кажани, да Не се повторуваме. Значи, ќе го подржам овој закн безрезервно, но би ги замолил патриотите да не ни зборуваат како треба, туку да им одржат предавање на своите партиски војници како треба. Очигледно говорот на Флоровски Не го имаат чуено луѓето во базата и постапуваат исто како оние за кои што ние зборуваме во негативна конотација и за кои што донесуваме закон да ги рехабилитираме луѓето.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Ненад Ристовски. Процедурално за збор се јави господинот Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, јас само би сакал пред јавноста една информација, за која мислам дека би требало а се каже.

Предлгач на овој закон не е надлежното министерство, а тоа е Министерството за труд и социјална политика, туку предлагач е Министерството за финансии, затоа што ова Министерство според информациите што ги имаме ние, посебно ресорниот министер имаше одредени резерви во однос на законот. Тоа ние го кажавме тука пред пратениците.

Морам да реагирам и на одредени искажувања на претходниот дискутант кој кажа неколку факти. Првиот факт е дека директорите, припадници на партијата ВМРО, овие денови почНале да истеруваат луѓе од работра, што за мене е неприфатливо и не би сакал тоа ниогаш поради одредени политички причини некој да остане без леб, затоа што си има семејство и тн. Тоа беше како пракса порано, меѓутоа, изгледа господинот Ристевски заборави

дека како директор на Медицинскиот центар во Куманово и јас сум од таму и ги знам овие информации, истеруваше, исто како и овие, ако е тоа точна информација, јас не верувам, меѓутоа тој вели така, одредени луѓе кои работеле по 20, по 30 години со работно искуство тој ги истеруваше. Кое е морално право на господинот Ристевски сега да бара само за негови членови.

Второ, тој се спротивстави на одредени искажувања на пратениците од албанска националност кој бараа ист третман и на луѓе кои биле прогонувани заради други политички ориентации или барања.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Ќани, со сиот респект, меѓутоа тоа не е процедурално.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Сакам објективно некои работи да ги согледа и тој.

1988 година во Куманово само затоа што луѓето, учениците бараа образование на албански јазик, 350 луѓе беа малтретирани и затворени. Само уште да одиш во полициска станица од тоа време ќе најдеш крв таму, трагови од крв, а изгледа еден од тие кои уживале во тоа време во таа голгота и тие малтретирања изгледа е и Ристевски. За жал и тој е лакар.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на господинот Ќани Алиу.

За реплика се јави господинот Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Не би се враќал на некои работи што се веќе кажани, меѓутоа бидејќи господинот Алиу изрази тука некои работи и ги кажа, кои што не се точни, па затоа можам да кажам дека лаже. И ќе го повторам тоа. Јас како повикан сум должен да ја дадам правата вистина бидејќи ме именува за некои дејанија кои што не се како што тој ги кажа.

Двајцата сме од Куманово, се знаеме, но гледам дека политичките моменти се многу побитни од вистината.

Никој, никој од моја страна не е истерањн поради своите политички видувања. Јас едно ви кажав. Не мешајте тероризам и политика. Ако сакате да изнесете тероризмот со политиката, тоа веќе мора да го објасните и на други, не само на мене, бидејќи такви поими постојат и во правото, а и во меѓународната политика. Во Куманово ниту еден не е истеран поради политика. Во Куманово како средина каде што има голем број на албанци, има и во Медицинскиот центар, но ако еден македонец кој нема да дојде на работа, 4 дена или 5, на сите им се даваат отказни решенија, а друг кој поради учество на една, мора да кажам, друга ситуација, која што јас пак ќе ја проведам под тероризам, со месеци не доаѓа на работа, беше применет само законот за работни односи. И тука сметам дека тоа требаше да го направат сите, а не да калкулираат со тоа дали ќе загуби државата или нема да загубни, бидејќи оние што не го направија тоа, однапред потпишаа предавство на државата. Значи, беа од работата во мое време, одвоени само оние кои беа активни учесници во она што се вели, или конфликтот што доведе до целата процедура на Рамковниот договор. Тука нон стоп од претставници на ДПА кои што длабоко се вметнати во конфликтот се даваат некои рботи за да се анулираат работите што ги направија. Јас морам да ви кажам, јас ги примив луѓето од Маврово, мислам фабриката кои што беа, незнам како да кажам, тоа не е малтретирање, животински третирани од тие таквите демократи што ги браните.

Ако сакаме политика да тераме, политика значи со мирољубиви средства. Немојте да ставате под една капа и убијци и жртви.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Ненад Ристевски.

За релика се јави повторно господинот Ќани Алиу.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Господин Ристовски, ти ги мешаш изгледа и бабите и жабите, затоа што никој од тие твои вработени таму за тоа време, сега не веќе само твои, туку има нов директор за среќа, дека ниеден од тие нема учествувано дирекно во конфликтот. Ниту еден од нив имал пушка, туку биле приморани да останат таму. Ако си можел ти да одиш таму, кажи ми дека се криви луѓето зошто не дошле на работа. Меѓутоа, ти едвај си чекал само етнички чист да биде Медицински центар.

Ова што ти го кажуваш тука и твоите ставови кои секогаш ги кажуваш тука, значи ти си еден од тие експоненти за кои јас зборував пред малку. Тие усијани глави што мислат дека Куманово мора да биде чисто.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на господинот Ќани Алиу.

Втора реплика за господинот Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Не би сакал да се обраќам, но ако не се одговори на ваква конструкција, на една лага ако не се одговори, може да помисли некој дека е вистина.

Прво, пак повторувам целата процедура е законска процедура. Воопшто не беше процедура против определени луѓе.

Мора да повторам, бидејќи вие ме повикавте, меѓутоа Медицинскиот центар Куманово има Управен одбор на кој претседател е господинот Томе Стојановски. Во таа процедура истите тие луѓе се жале со слични такви изјави и истите беа одбиени и нивното престанување на работниот однос го потврди господинот Томе Стојановски како претседател на Управниот одбор, инаку ваш коалиционен партнер.

Така што ако сакате само некому да префрлате и се што е направено против некој албанец да се сведува на антиалбанизам, тоа не е точно. Во истото време албанци беа началници на одделенијата, тоа може да го видите, но никому ништо не е направено. А, едно да ви кажам, ако така продолжиме се што се направи во државата, ако некој албанец од било кои причини скрши рабаотна процедура, не доаѓа на работа и спрема него некој поведе дисциплинска постапка, се сведе на политичка борба, а македонците во исто време 4-5 исто останаа без работа поради тоа што од разни причини отишле на друга работа или отишле во странство или било што друго, добијат отказно решение, зошто сите ги ставате под една политичка борба.

Вие не сфаќате што е политичка борба. Политичка борба не е тероризам, политичка борба не е ако на некој албанец нешто, во легислативата на државата му се случи. Како што македонци лежат во затвор и за убиства, силувања, кражби, мора да прифатиме дека и албанците, ако се дел од оваа држава, мора да ги почитуваат законите на оваа држава. Така што секој, гледаме и сега во веснициве, бидејќи некој кој е притворен поради тоа што силувал луѓе, сега се собрале сите албанци да го бранат, бидејќи како албанец тој не смее да лежи во затвор па макар и убил. Вие така ги поставувате работите.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Ристовски.

Трета реплика за г. Ќани Алиу и последна.

**ЌАНИ АЛИУ:**

Ниту сакам, ниту ќе ги бранам некогаш оние кои не работат. На памет не ми паѓа тоа. Меѓутоа симболиката и тоа лошата симболика е таа што луѓето секогаш ги кажнуваш колективно. Значи, колективно беа казнети сите тие вработени во Медицинскиот центар. Од тоа не можеш да избегаш. Тој факт постои. Сега, кој стои зад тоа, дали други луѓе стојат, меѓутоа потпишувач на тие решенија си ти. И затоа, кога ќе браниш луѓе не ги брани по нација или по одредена политичка ориентација, туку браниги по то а што се луѓе. Тоа е најважно. Тоа да го имаш секогаш предвид.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Ќани Алиу.

Реплика за г. Ненад Ристовски, и тоа последна реплика.

(дофрлање од место)

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Трета е. Или некој не знае да брои или купил диплома. Одиме понатаму, што мислам во ова време не е ништо чудно,

(претседавачот предупредува на ред со звончето)

Едно морам да кажам. Во истото време имаше таква постапка против 13 албанци, и 4-5 луѓе кои не се албанци. Така што не се поистоветува.

Проблемот е тука друг, што сите не се албанци или претставници од друга, колективно се амнестираат. Зошто не се прашање зошто другите 5 во истото време го загубиле работниот однос? Бидејќи не е точно, се работи за 13 или 14 луѓе, не се работи за тие бројки. Јас ви ги

нудам бројките, а ако сте вие кадри тоа да го потврдите, има нешто што се вели документација, се знае кои луѓе и по која постапка.

Друга е работата, пак повторувам, воведуваме многу лоша пракса што ќе биде многу лошо за натамошниот парламентарен живот. Ако правиме држава и правиме закони во државата, мора сите да ги почитуваме. Не може ако некој потпадне под некој закон веднаш да се брани - јас сум албанец и поради тоа сум репресиран или било што.

Значи, сите податоци што ги кажавте се неточни. Предлагам некаде заедно да

излеземе, јас да ги презентирам податоците а и вие вашите, ако имате малку храброст, бидејќи ниту е водена од моја страна антиалбанска политика, туку вие водите една политика што албанците ги гетоизирате. Тоа е многу лоша политика. Можеби е добра на кратки стази, поради политичките поени, секој кој има репресии од државата, што можеби е исправна репресија, да се потсетиме има луѓе кои мора да одат во затвор по разни основи. Ако ги браниме сите без да видиме за што се работи, тогаш влегуваме во една друга работа. Морам да ви кажам дека македонците се оние кои во оваа држава нема веќе кој да ги брани, бидејќи македонските партии меѓусебе се отепаа за власт и секој македонец ако не плати ќе оди во македонските затвори.

Вам ви честитам за борбата и борба за гласачите, но водете сметка од кого се браните. Немојте да браните луѓе кои згрешиле според човечките норми. А ви кажав, сега се бранат луѓе силувачи, убијци и луѓе кои го направија она што го направија, еве на пример, на работниците. На што личи тоа, на еден затворен припадник од албанската националност во Македонија да се реагира со кршење на законот, а вие сте партија што треба да го браните. Да ве потсетам, вие сте власт. Не сте опозиција толку да се жалите.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Ненад Ристовски.

За збор се пријави г. Томислав Стојановски

(дофрлање од место)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници,

Дозволете ми и јас да го изнесам мојот став околу овој предлог на закон. Ќе говорам така како што чувствувам, а некому ако треба лекарско уверение нека оди таму и нека проверува ставови. Секогаш болниот може да се покрие, не може да се сокрие, да не кажам лудиот. И вие господине од таму веќе немојте да ми преговарате на таа основа дали сте, како сте и што сте. Ваше право е да реагирате откако ќе говорам. Меѓутоа, секогаш да се криете под чаршав, не треба.

Колеги пратеници,

Јас ќе го поддржам овој закон од обврската за гласање на Уставот, во чие донесување учествував 1991 година. Одредницата на членот 36 на Уставот на РМ, кога е донесен, а и подоцна не е изменет:

"Република Македонија им гарантира посебни социјални права на борците од Антифашистичката војна и од сите националноослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонуваните и затвораните, за идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност".

Понатамошниот текст на овој член немам намера да го читам. Ова е уставна одредба донесена и одобрејна од ова Собрание во друг состав на 17 ноември 1991 година. Државата си зеде обврска на овие учесници им гарантира социјална помош. Никаде не спомнува ниту Грк, Бугарин, Србин, Кинез, Макдонец ниту Албанец. Говори за лица кои се бореле за овие идеи. Според тоа, некои скокотливи луѓе овде, несвесни што говорат, велат дека ова е само за македонци не е за албанци. Оваа уставна одредба не се однесува за припадност на Албанија или припадност на Македонија. Се однесува за учесници, за личности. Ако господа вие продолжите и понатаму вака да тврдите дека имаме разлика меѓу македонец и албанец поради учеството, тогаш јасно признавате дека не сте за македонската државност и за македонската нација. Сакате да бидете нешто одвоено.

Дали, еден колега овде постави прашање, што ќе биде со балистите? Ако балистите се бореле за овие права за кои Уставот говори и дава гаранција, зошто тогаш да не им ги дадеме тие права? Зошто? Затоа што се албанци? Не. Тие права ќе им ги дадеме затоа што се залагале за ваква идеологија, за ваква состојба. Тоа е уставниот дел од 1991 година.

Минатата година, од оваа говорница говорев дека ни се наметнува еден договор. Било како било, го прифативме. Сега говориме за негово исполнување. Оваа одредба, колеги, ниту на крај памет некому падна на памет да ја менува. Зошто? Затоа што се однесува за учесници кои се залагале за ваква работа. Тој дел од Уставот остана апсолутно нетретиран. За него не е разговарано. Што значи дека сега после овие 16 амандмани се налага апсолутна обврска на ова Собрание тој закон и тие луѓе да ги заштитиме.

Разберете, овде никој не може да биде вака третиран ако пропаднал во затвор за друга идеологија. Овде се говори за самобитноста на македонскиот народ и државноста. Ако за друго пропаднал во

затвор, тоа не се третира. Немаме никаква обаврска тоа да го наградуваме.

Понатаму, некој од овде се јави со вакви зборови - Видете, сите пратеници од албанската заедница се противат, а кога тие се противат знаете дека е лошо. Дали господинот имаше синоним дека албанец е зло за општеството. Може да има поинаков интерес, да размислува, меѓутоа ако некој нешто каже и го врзе албанец да биде само синоним на зло, јас него не го почитувам како човек. Тој не може да носи име човек. Затоа што една популација, една заедница во нашата држава ја смета за зло. Ако навистина вие сами чувствувате дека сте зло, тогаш луѓе не барајте друг да биде соучесник во таа работа. Ние сакаме да разговараме. Да имаме предмет на работа за тие луѓе, за кој се однесува Уставот за кои и при измена на Уставот останало чисто, да ја извршиме обврската.

Се повикаа на еден збор Јас и порано говорев дека ако тоа не биде ќе се случи, дојде војна. Господо, за друго може човек да го излажеш до три пати, но постојано не можеш да го лажеш. Меѓутоа, некој да води или помага војна може да направи само една грешка во животот. Друг пат не може. Водете сметка сега кого меѓународниот фактор присилува да ги почитува одредбите од Рамковниот договор. Немојте секогаш да се заканувате со војна затоа што војната, сами велите, не е добра, не е убава, има штетни последици од неа. Не веалам дека имаме корист, навистина имаме штетни последици, меѓутоа не ги изискувајте и не ги барајте. Најубаво е да опстане едно општество во рамките што самото ги пропишало.

Никогаш не можам да прифатам што било судено и што треба да биде прифатено. Во 1982 година, во 1986, во 1988, во 1978 година, се враќам пак назад. Како адвокат сум ги бранел тие луѓе. Меѓутоа тие не одговараат нивното дејство не беше насочено против самобитноста на македонскиот народ и државноста, туку имаа друго, за несамобитност и недржавност. Затоа беа прогонувани. Ако овие луѓе таква идеја имале во Албанија за самобитност со албанскиот народ и државата Албанија што и бидна 1913 година, и за тоа беа прогонувани, тогаш тие ќе беа заштитени и навистина им следуваат повеќе социјални права од вообичаеното. Според ова, никој не може да прави од себе човек кој не ги заслужува односите во државата, да биде почитуван.

Затоа ве молам, држете за предметот на законот, држете се за името на Законот, држете се за изворот на законот. Изворот е Устав, името му е уставно име и обврска на ова Собрание да ги запази тие социјални права на учесниците. Општо, нема никому. Само за учесници кои имале намера и се бореле за таквите идеи. Тие се заштитени со овој закон. Криминалците не можат да бидат заштитени. Тој може да се повика - јас за тоа војував, но не е предмет и последица на таа работа. Мотивот е сосема друго. Поради тоа, јас ве молам сите заеднички да го прифатиме овој закон, да не се двоиме, да ги наградиме оние, ако имало луѓе кои учествувале во борба, каква сака нека е, за таа работа, ако е во рамките на законот и нему ќе му ги признаеме истите права. А овде, како што стои, правам дигресија, како што стои ставот на албанците во ова Собрание дека се однесува само за македонците тие прават сепаратност и признаваат дека не сакаат да имаат македонска држава и самобитност на македонскиот народ.

Благодрам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Томислав Стојановски.

За збор се јави г. Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.,

Морам да дажам дека оваа тематика, тема, точка што е поставена на дневен ред немам некој посебен афинитет, но чувствата што сум ги поседувал во овој момент ниту повеќе, ниту помалку се од оние кои имаат поголем афинитет и кои дискутираа. Можеби поедини колеги пратеници се повеќе навлезени во оваа проблематика, можеби некој директно или повеќе го почувствувал на себе или од својот род, на својот грб, можеби болката била поголема и затоа го делат мислењето и ги разбирам што во своите дискусии настапуваат емотивно и за мене човечки разбирливо. Навистина, немав намера воопшто да дискутирам по оваа точка. На почеток веднаш да кажам дека овој Предлог на закон, залагањето што сме го ставиле на дневен ред веројатно може да се дооформи, да се подобри, ќе го поддржам.

Но, дискусиите што беа презентирани отвораат еден простор, ја прошируваат темата. Сакам да кажам дека репресиите што се правеле во минатото, во далечната

историја, современата историја и денеска и утре некој кој ќе ги прави, немаат граници, немаат партиски, немаат национални, верски, а тоа значи никој нема алиби што ги прави, што ги правел или ќе ги прави репресиите во било кој облик. Затоа, како граѓанин на оваа Република и како член кој припаѓа на СДСМ, сите репресии што се правени , лично, како и партијата на која припаѓам се оградуваме. Во такво дело никогаш не сме учествувале, ниту сум учествувал, ниту мислам да учествувам. Затоа, можеби денешната расрпава, покрај тоа што дел од овие луѓе ќе рехабилитираме, фамилии кои имаат свој род и пород и со право треба тоа да го направиме и во тоа ќе учествуваме.

Меѓутоа, тоа треба да биде една голема порака, поука, да извлечеме искуство репресиите што се правеле, се прават треба да ги паметиме, но треба и да ги заборавиме во наредниот период да Не ги правиме. Еден од дискутантите од партијата на власта рече - Зарем можел, кога ќе кажам сега македонскиот народ меѓу себе да се уништиува, самоуништува, само на различна идеолошка линија што биле, јас сега ќе прашам дали тоа сега во еден друг облик не го правиме? Посебно ги истакнувам партиите на власт ВМРО-ДПМНЕ не за да ве критикувам, да ве нападнам, за тоа утре кога ќе бидете или кој ќе биде на власт, без разлика, нека и мојата партија на која припаѓам да не се повтори. Затоа што сме на различна идеолошка линија или идејно-политички различно определени.

Зарем не е болно, затоа што сме на различна идејно-политичка опција односно во различни партиски политички опции; многу луѓе беа истерани од работа. Се прашувам, дали е виновен мојот роден брат, затоа што е брат на Ванчо Чифлиганец и многу наши македонски браќа, не само од македонската националност беа истерани од работа. Сега се прашуваме за репресии, дали биле во право или не биле во право. Во кој облик, дали е тоа пред 50 години, дали било пред 10, или пред 3-4-2 или 1 година, зарем не е поголема репресија во јавните претпријатија во државните претрпијатија поради различно политички опции сем од ВМРО-ДПМНЕ и останатите партии на власт, кој добил работничка книшка? Ве молам, ги разбирам болките што се нанесени пред 50 години, затоа што такви системи, такви поединци јас како пратеник кој припаѓам на идејно политичката опција на СДСМ не ја оправдувам. Но, овие репресии што се прават во најсовремената македонска држава од актуелната власт, мислам дека треба да биде поука понатаму, никој нема ексклузивно право, ни политичка партија ни поединец да ги двои граѓаните.

Затоа беше моето јавување граѓаните, се додека не бидат во рамноправна улога, без разлика на нивната партиска, национална, верска припадност и ако ги двоиме, сето тоа е репресија. Дали е во Здравствен дом, дали е во претпријатие, дали е во некоја културна, спортска установа, се е тоа репресија. Само обликот, некого повеќе, некого помалку боли. Иако не можам да зборувам дека е исто она што го доживеала фамилијата на нашиот револуционер Ченто и тн. Но Ооли. Затоа што за самобитноста на Македонија во тоа време, ако некому кој творел сега му скратиш затоа што не е со идејно-политичката опција на партијата на власт, во овој момент ВМРО-ДПМНЕ, утре можеби друг, му го ускратуваш тоа право.

Затоа драги колеги пратеници, историјата што ја паметиме, некои директно учествувале во неа, знаат, памтат или кога ја читаме треба да не научи како да се однесуваме во сегашноста, а јас би рекол во иднината.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**: (Продолжение)

Тоа не се заборавам. Луѓето велат доброто побрзо се заборава, а лошото не. Јас би реткол некогаш е обратно, но, и лошите работи кои се прават над човечкиот род, на македонскиот граѓанин, без разлика на која националност припаѓа не се заборава. Затоа се она што е правено во минатото, ниту јас лично, ниту мојата партија на која припаѓам, ниту мојот род и пород и каде што ми даваат доверба не учествувала. И овој предлог на закон доколку се оформи ќе го подржам, со една порака сите да извлечеме искуство, што помалку би правеле зло над сопствениот македонски народ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ика збор пратеникот Вангел Симев.

(Со седницата продолжи да раководи Оломан Сулејмани) .

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа пратеници, Денес пред нас имаме можност да исправиме една голема неправда на овој напатен македонски народ, односно да донесеме закон за луѓето кои беа прогонувани и затварани за идеите на

самобитноста на Македонија и нејзината државност.

Читајќи и проучувајќи го минатото на Македонија и на Македонскиот народ, како и континуитетот на македонскдата државност, дојдов до сознание дека ВМРО било најмногу злоупотребувано, токму во оваа целокупна македонска историја, кратка, како се појави ВМРО и тоа од нашите соседи и од нашите македонци. Поради тие причини, токму овие четири свети букви, после завршувањето на овие избори, токму нашата партија ќе бара да влезат во историјата и никогаш повеќе да не се злоупотребуваат, затоа што премногу зло му нанесоа на овој македонски народ, премногу зло нагласувам. Досега нив вековите беа одржувани безброј"мировни"конференции на кои постојано се зборувало за судбината на Македонија. Но не треба да заборавиме дека македонците никогаш не биле присутни и немо-желе да ги бранат своите македонски интереси, токму на тие конференции. За жал, истото ни се случува токму и во самостојна, суверена и независна македонска држава каде македонскиот народ никој не го прашува,токму и во самостојна, суверена и независна македонска држава, каде македонскиот народ никој не го прашува за неговата иднина и за неговите перспективи и што со македонската држава. Македонскиот народ е продаден токму од оние што се на власт, продаден, поделен и разнебитен од своите сограѓани олицетворени во ВМРО-ДПМНЕ.Затоа прашувам која е разликата.

(Бурни реакции во салата)

Рамковниот договор вие го потпишавте Кралевски, вие лично, вашиот премиер го потпиша.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Симев, немојте да се обраќате на поединци, обраќајте се на Собранието. Инаку ќе ви го земам зборот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се извинувам.

Затоа прашувам која е разликата од Санстефанскиот договор од 13.03.1878 година, Букурешкиот договор 13.06.1912 година, Мировната конференција во Париз 28.06.1919 година и Рамковниот договор каде што се изврши предавство на македонските државни интереси.

Можеме да констатираме дека од осамостојувањето до денес националната свест се будеше и надградуваше срамежливо се до доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ 1998 година. По нивното доаѓање настапи разградување на македонските државни интереси.

(Реакции во салата)

Незнам зошто се жестите. Кажете ако има нешто. Ако е невистина кажете.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Симев, самите реакции во салата кажуваат дека не збворувате за дневниот ред. Немојте така оти ќе ви го земам зборот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Лесно е да се земе зборот.

Нека кажат ако има нешто невистина.

Пред половина час ми се јави еден господин од Струмица

ќе го кажам со цело име и презиме, господинот Блажо Тилев, можеби неш-то ви значи, ученик на Драган Богдановски.

Еден од основачите, не, не, мене не ми е познато тоа, но тој ми кажа од збор до збор и го цитирам. ВМРО-МНГ, тој наведува дека уште во самиот зародиш беа уништени македонски одбрамбени сили, олицетворени во национална гарда. Таквиот одбранбен систем беше уништен токму од Љубчо Георгиевски. Сето ова е тесно поврзано со Сина Птица.

(Реакции во салата)

Можам да кажам дека господинот Блажо е првиот граѓанин кој ја симна петокраката а го стави шеснаесетокракото сонце.

(Реакции во салата, тоа нема врска). Како нема врска.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Давам пет минути пауза.

Ги молам пратенците да си седнат на своите места.

Процедурално за збор се јави господинот Сејфедин Харуни.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Зарем ќе му го одземете зборот на господинот Симев.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Поповски, вие сте доволно искусен пратеник и знаете дека процедурата има предног. Затоа господинот Харуни доби збор.

Господине Харуни повелете.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господа пратеници, нема смисла, никаква смисла нема на господинот Вангел Симев, не прв пат, туку повеќе пати му се одзема зборот. Секој си има право да го каже тоа што го мисли. На никого не му е забрането да ги изразува своите мисли од собраниската говорница.

Господа пратеници, господинот дури имаше смелост да каже некои имиња. Не се работи за светци тука во Собранието на РМ, ако ги спопнуваш некои од лидерите на некоја политичка партија. Тие се обични луѓе. Доколку некој ги спомнува вие на дрзок начин сакате микрофонот да му го исклучите, на присилен начин. Нема смисла.

Јас можам да кажам дека господинот потпретседател многу добро ја водеше седницата, имаше атмосфера за меѓусебно изразување. Немојте да бидете толку алергични и така атмосфера за работа по овој закон нема. И така атмосферата се вжешти па доколку сакаме по точката да дискутираме треба да има ред и докрај да се ислушуваме. Нема зошто на господинот Симев да му се одзема зборот. Оваа пракса повеќе да не се повтори.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на госпоинот Харуни.

Со дискусијата продолжува господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Сакам да му се заблагодарам на госпдинот Харуни за искажаните зборови.

Господо, на што личи тоа?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Симев, јас ја водам седницата и неморате вие да се обраќате на поединци. Вас ви дадов збор и зборувајте за темата.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господо, овде се бара рехабилитација, морална и етичка,за илјадници жртви. Јас на самиот почеток кажав дека ја поддржувам.

За жал, во денешно време на оваа говорница се настојува со сила да ми се одземе зборот, да се прекрати седницата, токму од тие што бараат чесност, демократија. Ова зборува какви ќе бидат наредните избори. Се со ова кажувате. Тоа е предигра на изборите. Го кажувате вашето право лице. Затоа дозволете ми, се она што сметам да го кажам, каде што треба да се каже да го кажам,затоа што оваа говорница е да не слушне македонскиот народ, а не да се слушнеме ние двајца. Ако сакате после ова ќе излеземе надвор и ќе зборуваме.

Предложениот закон и неговото поддржување од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ми изгледа нелогично, иако го поддржувам и ќе гласам за него, затоа што Вашата партија токму и нанесе голема штета на македонската држава за овие четири години. Токму затоа не верувам. Ја уништивте економијата, продадовте се што вредеше во Македонија за мали пари. Не спроведовте пазарна држава.

(Реакции во салата)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Симев ќе ви го земам зборот. Не е на дневен ред владеачката партија.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Како не. Вчера министерот мавташе со лист хартија, диплома, понижувајќи го високото образование, велејќи дека дипломата е само лист хартија. Што тоа значи?

(Реакции во салата)

Не е конфузен предлогот.

Токму со ова покажувате како сакате да владеете. Еве ќе скратам, само да ви ги задоволам вашите лични желби, нечовечки, би реко но народот ќе знае што сакам да кажам. Ке скратам, ќе скратам, ви кажувам, само да не ви причинувам задоволство овде во група да одговарате, затоа што не знаете што да кажете не говорница и нема што да кажете. Тоа е тоа, а кога го продавате државниот имот многу добро знаете. Вас, Вас, Кралевски, лично тебе, и на тој до тебе. Ние сте за исправање на неправдите, како Партија ВМРО-Македонска.

Точно е дека имаше неправди за време на Втората светска војна и тоа врз најчесните македонски патриоти.

Си земам право да констатирам дека во овој момент во Македонија владее безумие, туку недемократија, еве да бидам подемократ, ако може да се употреби зборот демократија, затоа што она што треба да го кажам не ми е дозволено овде на говорница.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Излези надвор па викај.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не, овде сакам да го кажам.

Поради сето ова што сакам да го наведам, а што вие не ми дозволивте да го кажам, ви кажувам дека не верувам оти овој закон нема да биде рестриктивен, дека во овој закон нема да се бираат партиски луѓе, истото како што беше и со Законот за денационализација.

Само сакам да ве предупредам, ако вие имавте добри намери, каде ви беа овие четири години, кажете. Зошто за овие четири години, кога дојдовте на власт, зошто не го спроведовте овој закон. Токму за законот зборувам. Зошто сега пред самите избори, или бевте преокупиран со криминалот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Симев, ќе ви го земам зборот. Зборувајте за законот.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

За Законот зборувам.

Зошто не го спроведовте законот пред четири години.

Со овој закон се бара да се исправат неправдите направени пред 50 години. Прифаќам дека беа напрвени неправди и убеден сум дека неправдите не застаруваат и кога и да е ќе излезат на виделина. Но, за тоа ве прашувам кој ќе ги исправи неправдите направени за овие четири години. Овие неправди мора да се исправат. Ако не вие, после вас некој мора да ги исправи.

Неправдите кои вие ги направивте за овие четири години во однос на овие 50 години што се правени се капка во океан. Многу помалку беа направени неправди токму за време на Втората светска војна и оние што беа затварани за идеалите на Македонија. Точно, неправди, но сега се уште поголеми неправди направени. Тогаш се бореа за самостојност, вие уништвувате самостојност.

Со овој закон се бара да се гарантираат посебни социјални права за прогонуваните за македонската самобитност и тоа нивно материјално обезбедување еднократен паричен надомест, додаток за нега и помош од страна на други лица, еднократна парична помош во случај на смрт, болест и разни елементарни непогоди, инвалиднина, бесплатен превоз и уште многу други. Дури се бара и материјално обезбедување на нив ните деца и внуци.

Веројатно тие што имаат книшки со лавче. Ќе беше чесно ако тука барем ги спомнавте, не мораше да ги ставите во овој список, и оние борци кои загинаа сега во оваа војна за Македонија или кои се ранети. Требаше да ги спомете, и нивните фамилии да ги спомнете, и нив да ги ставите во овој кош, но токму ние и нашата партија за нив е загрижена. А вие сте загрижени за пред 50 години, иако, прифаќам и стојам зад тоа.

Вие предлагате решение, ако навистина имавте чесни намери, а не маркетинг, сето ова можевте да го решите безболно и ви предлагам како да го решите, имам решение. Имено, парите што ги имате позајмено за овие четири години, да не речам украдено, во вредност од 1 милијарда германски марки, да вложите само еден процент, тоа е 1 милион германски марки, сето ова ќе биде покриено безболно, а и нема да се јави револт кај сите оние стечајци кои се обесправени и избркани од работа и тн. Еве решение. Сметам дека решението е изводливо и спроведливо.

Прашувам, каков е тој закон и каква е таа партија која испра-ва една неправда, неправда, точно е од пред 60 години, а не гледа 100-ци илјадикобесправени македонци. Или како можете да ја видите раската во моето око, а не си ја гледате гредата во вашето око. Токму тоа што кажувам е, гледате пред 50 години, а не гледате сега што се случува.

На пример, истата оваа партија се грижи за обесправените граѓани од осамостојувањето до сега и тоа сите оние што се избркани од работа, кои имаат 25 години работен стаж. Тоа беше на дневен ред, но што стана со таа седница?

Ќе напомнам и неколку примери, кои потполно ги-поддржувам, искажани од г-динот Флоровски. На македонците се вршеше геноцид. А кој го вршеше? Македонскиот народ. Точно е тоа, г-динот Флоровски кажа многу силни зборови.

Г-дине Николче, Николче...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-дине Симев, јас реков вие треба да се обраќате на Собранието. Јас раководам со седницата и неможете вака да се обраќате со Николче и друго. Ќе ви го земам зборот, најсериозно ви велам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Најлесно е да се каже - Ќе ви го земам зборот, но треба да се каже вистината.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжете, но со сериозност.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Точно е тоа дека врз македонците се вршеше геноцит и тоа од македонците, од кои некои се на власт сега или нивните деца, само вие тоа требаше да го кажете. Но сега за жал и вие вршите таков геноцит. Токму на нас пратениците кои ја напуштивме вашата партија и укажувавме на се она што вие го правевте и што работевте недомаќински, а декларираевте дека е домаќински. Собравте 50 ваши истомисленици, наоружани со камења и други реквизити, дојдовте да ни ги каменувате нашите домови

Втората исто така многу силна порака што се наметнува не треба да дозволиме повторно да ни се случи иста неправда и барате помирување. Прифаќам дека не треба да ни се случи она што ни се случи. А знаете како нема да ни се случи, г-дине Флоровски? И не требаше да дозволите. Ако чесно си работевте, немаше да дојде до она што дојде и ќе ви простевме. Сега неможеме да ви простиме. Неможеме да ви простиме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-дине  Симев, ако уште еднаш се обраќате на пратеник, јас ќе ви го земам зборот. Ви кажувам, вие на Собранието ќе се обраќате, или на Собранието обрајќајте се или на македонската јавност, а не на поединци.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Спомнавте зачувување на Македонија и македонските интереси. Г-дине Флоровски, кој ви брани да ги браните македонските интереси, имате ваши министри...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ве молам, исклучете го г-динот.

(пратеникот Вангел Симев ја напушта говорницата)

Има збор г-динот Ѓорѓи Тодоров, процедурално.

**ЃОРГИ ТОДОРОВ:**

Г-дине потпретседателе, не доликува на еден парламентарен состав овде да не создадете клима кога било кој од пратениците дискутира, тишина. Г-динот Вангел Симев, кога и да излезе на говорница , постојано се прават некои опструкции, постојано овде одзади се зборува и галами. Вие наместо да се обратите до колегите пратеници и да створите клима во овој Парламент, вие го опоменувате г-динот Вангел Симев, а тој реагираше на одделни пратеници затоа што вие испуштивте да реагирате на време за да створите клима во овој Парламент.

Заота, ве молам да бидете принципиелни во однос на работењето и да не правите селективно однесување кон одредени пратеници. Во спротивно , и ние од овде можеме да им пречиме на било кои пратеници кои ќе дискутираат во овој парламентарен дом. Сакам да кажам дека тоа под едно ниво на едно високо цивилизирано и културно однесување. Од тој аспект неправилно постапивте овој пат и му го одземавте зборот на г-динот Вангел Симев.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ви благодарам колега Горѓи Тодоров.

Имам јас свој коментар на ова, меѓутоа, ќе се воздржам.

Процедурално, за збор се јави г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Поентата е повеќе од јасна, во функција на дежурен провокатор да се јавува, но тука апсолутно ништо неможам да помогнам. Мислам дека овде улогата треба да ја преземе добар психијатар и можеби Фројд доколку би бил жив би бил заинтересиран за вакви клинички случаи.

Сакам да го кажам следното. Овде не се наоѓаме на тркалезна маса некој да го повикува Флоровски, некој да го повикува Николче. Говорете за ставовите, говорете за вашите размислувања, говорете за она што имате да го кажете во врска со законот. Немате апсолутно право да ми се обраќате директно и дали се согласувате или не се согласувате со моите видувања.

Уште една работа сакам да кажам, вие да поистоветувате еден национален геноцид во период о 50 години со наводен си геноцид од 1998 до 2000 год, мислам дека навистина овде само добар психијатар може да ви помогне.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Александар Флоровски, со една забелешка. Тој употребува навредливи зборови за наши колеги овде и јас мислам дека тоа не е во негова надлежност да процени дали треба или не неуропсихатар овде.

Ги молам сите останати кои бараат збор процедурално да се воздржат и да се придржуваат на процедурата.

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и г-да,

Овде пред нас беше демонстрирано дека ние имаме веројатно неколку вида деловници, така што секој во процедурата може да толкува како што сака.

Апелирам до вас, бидејќи друго и неможам да направам, да имате ист аршин за сите пратеници. Неможе ниекој под фирма  на процедуралнс да искажува свои ставови и дискредитација на личности тука, особено што нема диплома купена или не за таква работа. Г-динот Вангел Симев е пратеник и треба на тој начин да се респектира. Ако некој може пред вас тука да излезе и да плука врз еден пратеник, вие да не го прекинете, а истиот пратеник го прекинувате за многу помали работи, тогаш едноставно морам да се посомневам во вашата веродојстојност.

Јас од вас барам истите правила да бидат за сите. Ако веќе дозволувате еден г-дин тука да го прави тоа што го прави, ќе мора да им дозволите на сите, ако мислите воопшто да играме тука демократија. Ако не, сите да излеземе  , па фино убаво нека ни демонстрираат како што ни демонстрираа како тие  прифаќаат. Ако е процедурата за еден, тогаш е за сите. Вие требаше уште во стартот да го прекинете г-динот Флоровски.

Инаку, да ве потсетам , она што му го одземавте зборот на г-динот Симев , тоа исто го направија неколку пратеници кои имаат една врлина, тие се блиску до власта.

Јас би ве замолил сите да се придржувате на Деловникот, бидејќи јас не можам однапред да знам што пратеникот мисли да кажува на говорница. Тој бара збор процедурално и излегува од тоа, меѓутоа, за мене е многу важно, а за останатите пратеници би било важно и тоа да го почитуваат.

Има збор г-динот Вангел Симев, за реплика бидејќи беше спомнат.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Прво, г-динот Флоровски нема ни квалитети, а најмалку има право да процени дали јас зборувам за законот и колку се оддалечувам од законот или колку е поврзано моето излагање со законот. Сигурно дека е поврзано со законот. Било кој закон што се донесува во една држава неможе да биде за едни мајка, за други маќеа. Бидејќи деновиве се збришува "Лозар", еден милион марки токму тие го оштетуваат. Им ги вадат табличките на возилата, истеруваат пиштоли на граѓаните. Како тоа да не го кажам? А носат закони за да ги обештетат луѓето пред 50 години. Затоа што луѓето неможат да си го соберат родот од вишните. Тоа чини г-дине Флоровски 1 милион марки. Зарем тие не се обесправени македонци? А зборувате за пред 50 години. Затоа сакам да ги поврзам работите и да кажам за обесправените и во минатото и во сегашноста.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Вангел Симев.

Нестрплив е колегата Флоровски, пред да му дадам збор веќе е на говорница, повелете.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас незнам каде ја наоѓатае врската на "Лозар" со мене.

Ниту ја купувам, ниту сум заинтересиран, ниту имам толку пари да ја купам. Тоа е првата работа, обвинувањата не се на место.

Второ, секогаш ја утнувате темата на она што е- на дневен ред. Ќе ви кажам во кое својство сте и тука ќе завршам со дискусија и обра-ќањето кон вас. Колку што имате право вие во овој Парламент, мислам дека и јас го поседувам тоа право да одговорам и да размислувам во правец вој кој јас треба да размислува. а за претходниот дискутант важат истите квалификации, но можеби немаат психијатар, гледајќи го она што се случува како негово однесување и манифестација од оваа говорница

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедурално, за збор се јави г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине потпретседателе, очигледно нема атмосфера за работа.

Второ, мислев дека се работи за пошироки рефлекси и импликации во однос на уставните начела, пред се во сегментот на рамноправноста на граѓаните, без оглед на етничка, верска и социјална припадност. Очигледно се работи за заблуди во однос на толкувањето што се начела во слободите и правата на човекот и поради дополнителни консултации бараме во името на пратеничката група на ПДП еден час пауза.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Тоа ваше деловничко право, колега Мерсел Билали.

Меѓутоа, мене ми беше важно и мислам да го корегирате како пратнеичка група тој став, бидјеќи на екранот нема пријавен дискутант и јас го заклучувам општиот претрес.

(Реакции)

На екранот се пријавија уште 3-4 дискутантн, не можеме да го завршиме општиот претрес.

Продолжуваме утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот).